САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ООУ„ТОШО АРСОВ“- Штип за периодот од 2024 до 2026 година



Август, 2026

Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ООУ „Тошо Арсов“
Адреса	ул.„Булевар ЈНА“ бр.26-А Штип
Телефон, е-пошта	032/ 394 – 448 outosoarsov_stip@yahoo.com
Период на подготовка на СЕУ	март - август
Број на ученици во училиштето	625
Број на подрачни училишта	(3) ПУ населба Македонка, ПУ село Чардаклија ПУ село Почивало
Училишен директор	
Име и презиме	ВД Директор Виолета Арсовска
Потпис	
Датум	
Одобрување од УО	
Име и презиме	Весна Зафировска
Потпис	
Датум	

Индикатори за подрачјето:
1. Планирања на наставниците **2. Наставен процес** **3. Искуства на учениците од учењето** **4. Оценувањето како дел од наставата** **5. Воннаставни активности и натпревари**

Собирање податоци		
Индикатор 1.1 Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Интервју со директор, педагог, психолог, анкетни листови за наставници	Поддршка и следење на планирањата на наставниците	Училиштето континуирано им дава или им обезбедува поддршка на наставниците во насока за поуспешно подготвување и осовременување на наставниот процес и ЛППР(Личен план за професионален развој). Оваа поддршка се реализира преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари, работа на проекти и сл. Во училиштето има пропишани јасни приоди и утврдени процедури за следење и унапредување на квалитетот на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручните соработници. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и / или стручните соработници и наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата. Училиштето им дава и обезбедува поддршка на наставниците преку изработка на обрасци и помошни материјали со кои се зголемува ефикасноста од страна на стручната служба. Наставниците планирањата ги изготвуваат во електронска форма. Стручната служба ги следи современите наставни тенденции и воведува новини во процесот на планирање, со што секако се унапредува и воспитно-образовниот процес. Со

		наставниците приправници, менторот и стручната служба работи на советување и менторирање при процесот на планирање со цел да се обучат наставниците-приправници за поуспешно планирање на наставната програма. Стручната служба и директорот на училиштето при вршење на увид во планирањата на наставниците, нудат решенија, односно даваат препораки за надминување на одредени пропусти доколку постојат. На анкетата одговориле 42 наставници. Поголем број од наставниците, 42,9% се согласуваат со тврдењето дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата и 38,1 % од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето. Незначителен број од наставниците, 16,7% не се согласуваат и 2,4% целосно не се согласуваат со тврдењето. Најголем дел од наставниците 59,5% се согласуваат со тврдењето дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во полугодието односно 31% целосно се согласуваат, додека 7,1% не се согласуваат со тврдењето дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во полугодието и 2,4% не знаат или немаат информација за посета на час од директорот и стручната служба. Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат (35,7%) или се согласуваат (31%) со тврдењето дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирањето за нивниот наставен предмет/предмети, додека 31% не се согласуваат. 2,4% од анкетираните наставници изјавиле дека не знаат/немаат информација за тврдењето.
	Размена на искуства и на информации при планирањето	Размената на знаења, идеи и професионални искуства меѓу наставниците е значаен дел од унапредувањето на наставниот процес. Преку заеднички средби и разговори, наставниците имаат можност да ги споделат своите искуства, да разговараат за предизвиците со кои се соочуваат и да ги претстават успешните практики од својата работа.Ваквата соработка создава поттик за меѓусебно учење и размена на нови идеи за подобро мотивирање и вклучување на учениците во наставата. Наставниците заеднички размислуваат за начини на кои часовите можат да бидат поинтересни, покреативни и поефикасни.Споделувањето на добрите практики придонесува за професионален развој на наставниците, збогатување на нивните знаења и

		усовршување на вештините. На тој начин се создава поквалитетна и посовремена настава, која позитивно влијае врз учењето, активноста и интересот на учениците. Од посетените обуки се врши дисеминација на наставниците. Исто така постои интензивна соработка со наставници од други училишта, консултирање со стручни лица, користење меѓународни искуства со што се разменуваат искуства и добри практики. Во соработка со училишниот дефектолог, наставниците и родителите, наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби изготвуваат прилагодени програми по кои ја реализираат наставата со овие ученици. По повеќе наставни предмети застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини. Од 42 наставника кои одговориле на анкетата најголем дел целосно се согласуваат (52,4%) или се согласуваат (38,1%) со тврдењето дека во рамките на стручните активи, наставниците разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието. Незначителен број од наставниците, 7,1 % не се согласуваат со тврдењето. 2,4% од анкетираните наставници не знаат/немаат информации за тврдењето.
Индикатор 1.2 Наставен процес		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Годишна програма за работа на училиштето; Планирања на наставниците; Е-дневник; Извештаи од посети на наставни часови од стручната служба; Анкетни прашалници за наставници, ученици, родители	Реализација на наставни планови и програми	Наставниците во училиштето изготвуваат и реализираат планирања согласно наставните планови и наставните програми изготвени од Бирото за развој на образованието (БРО) и одобрени од Министерството за образование и наука (МОН). При планирањето и реализацијата на наставата се користат релевантните елементи од наставните програми, согласно видот и нивото на планирање. За изготвување на планирањата се користат електронските верзии на наставните програми и унифицираните примероци за планирање објавени на веб-страницата на Б Наставниците ги реализираат наставните програми во согласност со наставниот план, предвидената динамика и планираните содржини. Реализацијата на наставните часови според програмата лесно може да се согледа од увидот во е-дневникот, по утврден распоред за часови. По разговор со стручната служба од реализираните посети на час утврдено е дека во училиштето се реализираат предвидените наставни програми. Според добиените резултати од анкетата, најголем дел од родителите целосно се согласуваат или се согласуваат дека во учебната 2025/2026 година наставните часови се реализираат според предвидениот распоред во е-дневникот.Анкетирани се 170

Извештаи од работата на инклузивниот тим во училиштето Извештаи од одржани МИО активности		родители по случаен избор. 62,4% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека во текот на учебната година учениците ги имаат сите наставни часови според распоредот, односно 36,5% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 0,6% од родителите не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека учениците ги немаат сите наставни часови според распоредот, и 0,6% од родителите не знаат/немаат информација за даденото тврдење. Наставата по сите наставни предмети се реализира во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.
	Избор на наставни Предмети	Изборот на слободните изборни предмети се спроведува според однапред утврдена постапка.На крајот од учебната година, учениците пополнуваат прашалник преку кој ги наведуваат своите интереси, желби и афинитети во однос на изборните предмети.Врз основа на добиените одговори и анализата на резултатите, училиштето ја подготвува листата на слободни изборни предмети. При креирањето на слободни изборни предмети се земаат предвид потребите и интересите на учениците, но и кадровските ресурси и организациските услови со кои располага училиштето. На овој начин се овозможува избор на предмети кои се соодветни и интересни за учениците и реално остварливи во рамките на училиштето. Анкетирани се 170 родител по случаен избор. Најголем дел од нив целосно се согласуваат (55,3%) или се согласуваат (39,4%) со тврдењето дека се запознати со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности. Незначителен дел од родителите не се согласуваат (2,4%) или целосно не се согласуваат (0,6%) со тврдењето. 2,4% изјавиле дека не знаат/немаат информации за тврдењето. Најголем број од родителите целосно се согласуваат (43,5%) или се согласуваат(42.4%) со тврдењето дека изборните предмети /активности кои ги посетува нивното дете ги има избрано согласно своите интереси. Незначителен број од родителите не се согласуваат (7,1%). 5,3% не знаат/немаат информација за тврдењето. 1,8% од анкетираните родители целосно не се согласуваат со тврдењето.
	Избор на задачи, активности и на ресурси	Во воспитно-образовниот процес наставниците применуваат различни наставни задачи, методи, активности и ресурси, со цел да го развиваат критичкото и самостојното размислување кај учениците, како и да ја поттикнат нивната желба и интерес за учење. На тој начин им се овозможува подобро да ја разберат наставната содржина и стекнатите знаења да ги усвојат на подолг и посмислен начин.Со внимателно планирање

		и реализација на наставните активности, наставниците создаваат позитивна, интерактивна и поттикнувачка атмосфера за учење. Учениците активно се вклучуваат во процесот, истражуваат, поставуваат прашања, размислуваат, споредуваат и анализираат, а стекнатите знаења и вештини ги користат и применуваат во различни ситуации и практични примери. Од 42 наставниците кои одговориле на анкетата, се согласуваат (54,8%) или целосно се согласуваат (45,2%) со тврдењето дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. На анкетата одговориле 125 ученици. Учениците кои се согласуваат (52,8%) или целосно се согласуваат (37,6%) со тврдењето дека на часовите имаат можност да учат на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) Незначителен број од учениците не се согласуваат (7,2%) или целосно не се согласуваат (0,8%) со истото тврдење. 1,6% од анкетираните ученици изјавиле дека не знаат/немаат информации за тврдењето.
	Интеракција меѓу наставниците и учениците меѓусебно	Квалитетната комуникација помеѓу наставниците и учениците, како и соработката што се развива меѓу самите ученици, имаат значајна улога во создавањето пријатна, мотивирачка и успешна средина за учење. Наставниците применуваат различни форми на работа, активности, разговори и прашања преку кои ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата, да размислуваат самостојно, да истражуваат и слободно да ги споделуваат своите идеи и ставови. На тој начин се зголемува нивниот интерес за наставните содржини и се поттикнува поголема активност во текот на часовите.Истовремено, меѓу учениците се развиваат соработка, меѓусебно почитување и поддршка. Работејќи во парови или во групи, тие имаат можност да ги споделуваат своите идеи, да ги согледуваат различните гледишта и заеднички да наоѓаат решенија за поставените задачи. Ваквиот начин на работа придонесува за унапредување на комуникациските, социјалните и тимските вештини, а истовремено создава чувство на прифаќање, припадност и заедништво во училницата. Од добиените резултати од анкетата, во која учествувале 42 наставници, се забележува дека 61,9 % целосно се согласуваат, а 35,7 % се согласуваат со тврдењето дека учениците често работат на начини кои поттикнуваат интеракција и соработка меѓу нив и 2,4% не се согласуваат. Според мислењето на учениците, наставата се реализира на начин што овозможува активно учество и соработка. Од вкупно 125 анкетирани ученици, 53,6% се согласуваат, а 36% целосно се согласуваат со тврдењето дека на најголем број часови сите ученици активно се вклучени во наставата преку поставување прашања, дискусии и работа во

		групи. Мал број ученици не се согласуваат (7,2%) или целосно не се согласуваат (1,6%) со тврдењето, додека 1,6 % од учениците немаат доволно информации или не дале мислење.
	Реализација на образовна инклузија	Во училиштето е воспоставен инклузивен тим на ниво на училиште, формиран со одлука на директорот, како и инклузивен тим за учениците со ПОП, кој исто така е формиран со одлука на директорот и има мандат до завршувањето на образованието на ученикот со попреченост. Иако постојат формирани тимови и утврдени механизми за поддршка, сè уште е потребно дополнително јакнење на капацитетите на наставниците и стручните соработници. Само дел од нив се обучени за планирање и реализација на настава прилагодена на потребите на учениците со ПОП. Следењето и оценувањето на нивните постигања се врши во согласност со поставените цели во индивидуалниот образовен план, но соработката меѓу наставниците и инклузивниот тим на ученикот не е секогаш доволно застапена. Дополнителен предизвик претставува навременото препознавање на учениците на кои им е потребна лична и/или образовна асистенција, поради што понекогаш барањата за обезбедување соодветна поддршка се доставуваат со задоцнување. Вклученоста на учениците со ПОП во воннаставните активности исто така е на релативно ниско ниво и потребно е да се создадат повеќе можности за нивно активно учество.Во однос на физичката пристапност, учениците со физичка попреченост имаат овозможен непречен пристап до првиот кат, додека пристапноста до останатите делови од училишната зграда е ограничена. Санитарните простории не се во целост приспособени на нивните потреби. Резултатите од спроведеното анкетирање на наставниот кадар укажуваат и на појава на потешкотии во соработката меѓу наставниците и образовните асистенти, што претставува област во која е потребно дополнително унапредување. На анкетата одговориле 42 наставници. Поголем број од наставниците се согласуваат (38,1%) или 33,3% целосно се согласуваат со тврдењето дека соработуваат со образовните асистенти. 26,2% од анкетираните наставници не знаат/ немаат информација за ова тврдење, а незначителен број 2,4% не се согласуваат со тврдењето дека соработуваат со образовните асистенти.

	Активности за меѓуетничка интеграција во образованието	ТУИ (тимот за училишта интеграција) го спроведува акцискиот план и ја следи реализација на МИО активностите од ГПРУ. Наставниците реализираат интегрирани содржини низ планирањата. На анкетата одговориле 42 наставника. (45.2 %) од нив се согласуваат со тврдењето дека реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план или (47.6%) целосно се согласуваат со тврдењето, а (2.4%) од наставниците не се согласуваат со тврдењето дека реализираат МИО активности со учениците, а додека пак (4.8%) немаат одговор. На анкетата одговориле 170 родители. Поголем дел од нив се согласуваат (30%) или целосно се согласуваат (32.9%) дека нивното дете било вклучено во активности со ученици од друг наставен јазик. Мал дел од родителите не се согласуваат (18.2%) или целосно не се согласуваат (4.7%) со истото тврдење, а додека пак незнаат или немаат информација (14.1%). На анкетата одговориле 125 ученици. Од нив целосно се согласуваат (28.8%) или се согласуваат (52.8%) со тврдењето дека биле вклучени во активности со ученици од други култури. Незначителен дел не се согласуваат (9.6%) или целосно не се согласуваат (2.4%) со истото тврдење. (6.4%) немале одговор / мислење за даденото тврдење.
Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Анкети со наставници, ученици и родители Разговор со стручната служба Разговор со фокус група на наставници	Средина и атмосфера за учење	Во училиштето се обезбедува безбедна, инклузивна и пријатна средина за учење. Наставниците применуваат различни пристапи и стратегии за мотивирање на учениците со цел да го потикнат нивното активно учество во наставата, критичкото размислување, креативност и способност за решавање на проблеми од секојдневниот живот. Според спроведените анкети помеѓу учениците, родителите и наставниците, поголем број од родителите на учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна,инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина за нивното дете, што поттикнува интерес за учење и целосен развој на децата. Од разговорите со стручната служба и увидот од посетите на наставните часови, константирано е дека во училиштето се превземаат сите потребни мерки за време на наставата со цел учениците да имаат еднаков третман без разлика на пол,национална

		припадност и религиска определба, а исто така се преземаат и сите потребни мерки со цел да се овозможи инклузија на децата со потребни потреби преку индивидуализиран пристап и приспособување на наставните активности согласност нивните можности и потреби. Во текот учебна година во училиштето беа реализирани и повеќе превентивни едукативни активности во рамките на програмите „Безбедна училишна средина“ и „ Недела на безбедност“ како и работилници, предавања и проектни активности насочени кон развивање на безбедносна култура,меѓусебна почит,ненасилна комуникација и позитивна училишна клима.Учествуваа различни фокус групи на ученици. Според спроведените анкети поголем број од учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење и дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. Од разговорите со фокус група на наставници -учениците имаат можност да учествуваат во дебати, проекти и истражувања на најразлични теми од воспитно-образовниот процес. За време на часовите, учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Според спроведените анкети поголем број од учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, додека најголем број од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Анкетирани се вкупно 170 родители, 125 ученика и 42 наставника по случаен избор.52,9% од анкетираните родители се согласуваат со тврдењето дека училиштето го чувствуваат како мотивирачка средина за своето дете, 37,1% од родителите целосно се согласуваат со ова тврдење. 7,1% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека училиштето не го сметаат за мотивирачка средина. 2,9% од родителите целосно не се согласуваат. 48,8% од анкетираните ученици се согласуваат со тврдењето дека на часовите користат различни материјали и извори на учење,односно 36,8% од учениците целосно се согласуваат со ова тврдење. 10,4% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека не применуваат најразлични материјали и извори за учење. 4% од учениците целосно не се согласуваат. 51,2% од учениците се согласуваа со тврдењето

		дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, односно 35,2% од учениците целосно се согласуваат со ова тврдење. 6,4% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека наставниците не ги пофалуваат за нивниот труд, односно 2,4% од учениците целосно не се согласуват. 4,8% од учениците одговориле дека не знаат/немаат информација во однос на ова прашање. 76,2% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека на часовите редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд, односно 23,8% од наставниците се согласуваат со ова тврдење.
	Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците	Наставниците и стручните соработници имаат значајна улога во препознавањето и следењето на образовните потреби на секој ученик. Преку континуирано следење на работата и напредокот на учениците, согледување на нивните способности, интереси и потешкотии, како и преку отворена комуникација со учениците и родителите, се овозможува навремено утврдување на нивните индивидуални потреби.Врз основа на добиените сознанија, наставниците и стручните служби можат да ги препознаат учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка, учениците со посебни образовни потреби, но и оние кои покажуваат посебни способности и надареност. Согласно утврдените потреби, се планираат и применуваат соодветни образовни пристапи и активности.Во секојдневната наставна работа се применуваат различни стратегии за надминување на пречките во учењето и за поттикнување на напредокот на учениците. Наставниците ги приспособуваат методите и формите на работа, користат разновидни наставни материјали и дигитални ресурси и обезбедуваат дополнителна индивидуална или групна поддршка кога е потребно.Посебно внимание се посветува на создавање инклузивна и поддржувачка средина во која секој ученик има еднакви можности за учење, развој и постигнување успех, во согласност со своите способности, интереси и индивидуални потреби. На анкетата одговориле 125 ученици. Од анкетираните ученици, 48,8% се согласуваат или 36,8% целосно се согласуваат со тврдењето дека на часовите користат различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели). 10,4% не се согласуваат со тврдењето, 4% целосно не се согласуваат. На анкетата одговориле 42 наставници. Од анкетираните наставници 71,4% целосно се согласуваат односно 28,6% се согласуваат со тврдењето дека ги разбираат проблемите и потребите на учениците. На анкетата одговориле 170 родители. Од анкетираните родители, се согласуваат (47,6%) или целосно се согласуваат (37,6%) со

		тврдењето дека наставниците ги приспособуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивното дете. 10,6% не се согласуваат, 1,2% целосно не се согласуваат. 2,9% не знаат/немаат информација за тврдењето.
Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Статистички извештај од успехот на полугодието и крајот на учебната година. Планирања на наставниците Инструменти за следење на континуитетот на постигнатиот успех на учениците Разговор со стручна служба Анкети на ученици, родители и наставници Разговор со фокус група на наставници	Училишна политика за оценување	Врз основа на разговорите со фокус групата наставници, како и увидот во училишната документација, беше констатирано дека училиштето нема донесено интерен правилник за оценување. При оценувањето, наставниците постапуваат согласно Упатството и Прирачникот за наставници за начинот на оценување на учениците, објавени од Министерството за образование и наука. Од спроведените анкети со учениците произлегува дека најголемиот дел од нив сметаат дека наставниците навремено ги информираат за очекуваните знаења и вештини потребни за добивање на секоја оценка. Разговорите со стручните активи потврдија дека на ниво на активи се применуваат заеднички критериуми за оценување, кои се усогласени со националните стандарди за постигања и доследно се користат во наставната практика. Според резултатите од анкетите со родителите, најголемиот број од нив се запознаени со критериумите за оценување и редовно го следат напредокот на своите деца преку електронскиот дневник. Дополнително, родителите имаат можност за непосредна комуникација со наставниците преку индивидуални консултации. Секој наставник има утврден термин за консултации, кој е јавно објавен во просториите на училиштето. Од разговорите со наставниците беше утврдено дека во наставниот процес во голема мера се применува формативното оценување, при што се користат различни техники и инструменти, како што се чек-листи, самооценување и меѓусебно оценување. Формативното и сумативното оценување се реализираат транспарентно, а учениците навремено се информираат за критериумите и очекуваните постигања за секое ниво на оценување. Анкетирани се вкупно 170 родители, 125 ученика и 42 наставника по случаен избор. 53,6% од учениците се согласуваат со тврдењето дека однапред им се објаснува што треба да знаат за секоја оценa, односно 32,8% од учениците целосно се согласуваат со ова тврдење, 8,8% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека наставниците не ги однапред информираат што треба да знаат за секоја оценa. 3,2 % од учениците не знаат/немаат информација,1,6% целосно не се согласуваат во однос на ова прашање.

		41,8% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците однапред ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет, 39,4% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 9,4% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека наставниците не ги однапред запознаваат со критериумите за оценување. 4,7% од родителите целосно не се согласуваат, а 4,7% од родителите одговориле дека не знаат/ немаат информација во однос на ова прашање. 71,4% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека однапред ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките, 28,6% од наставниците се согласуваат со ова тврдење.
	Методи, форми и инструменти за оценување	Наставниците континуирано го следат развојот и напредокот на учениците, редовно ги вреднуваат нивните постигања и уредно ги евидентираат добиените резултати. Во процесот на оценување применуваат различни методи, техники и инструменти, меѓу кои тестови, контролни и усни прашања, писмени задачи, извештаи, ученички портфолија, чек-листи и бодовни листи. Разновидноста на инструментите им овозможува на наставниците да добијат поцелосна слика за знаењата, вештините и напредокот на учениците. Оценувањето се спроведува редовно, а добиените резултати се евидентираат и се користат за понатамошно планирање на наставата. При вреднувањето, наставниците во голема мера ги земаат предвид размислувањата и самопроценките на учениците, со што ги поттикнуваат активно да учествуваат во процесот на сопственото учење. Учениците добиваат повратни информации за својата работа, насоки и препораки кои им помагаат да ги согледаат своите силни страни, но и областите во кои е потребно дополнително подобрување. Описното и бројчаното оценување се изведуваат по пат на формативно и сумативно оценување.Описното оценување се имплементира во одделенска настава од I – III одд., додекаво IV, V и VI одд. во првото тримесечие, полугодие и третото тримесечије од учебната година. Бројчаното оценување се имплементира во IV, V и VI одд. како крајна оцена, а во текот на целата учебна година во VII, VIII и IX одд. На анкетата одговориле 125 ученици и 42 наставници. Најголем број од учениците целосно се согласуваат (47,2%) или се согласуваат (46,4%) дека наставниците користат разни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.),2,4% од учениците одговориле дека не знаат/ немаат информација за ова тврдење од анкетата.2,4% не се согласуваат, 1,6% целосно не се согласуваат со тврдењето. Речиси

		сите наставници целосно се согласуваат (66,7%) или се согласуваат (33,3%) со тврдењето дека применуваат различни начини на оценување на учениците.
	Коефициент на континуитет на успехот на учениците	Коефициентот на континуитет на успехот на учениците е статистички показател кој го мери степенот на стабилност или конзистентност во постигнувањата на учениците на успехот на учениците низ одреден временски период. Овој коефициент помага во анализа на тоа колку е стабилен училишниот успех на учениците, што може да укаже на нивото на континуирано ангажирање, ефикасноста на наставните методи, и приспособливоста на учениците кон различни наставни содржини и оценки. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квалификациони периоди, тие извештаи се доставуваат кај стручната служба и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат, ги презентираат на Наставнички совет. Податоци и извештаи се чуваат во училишната документација и за истите се запознати Советот на родители, Училишниот одбор, Општина Штип, МОН во рамките на Полугодишните и Годишните извештаи за работата на училиштето. Во истите табеларно, сукцесивно и прецизно се евидентирани постигањата на учениците во нашето училиште. Коефициентот на континуитет на успехот на учениците изнесува 0.94 (за 2021/2022г.), 0.92 (за 2022/2023 и 2023/2024 г.), за (2024/2025 г.) и (2025/2026 г.)
	Користење на информациите од оценувањето во наставата	Учениците континуирано добиваат усни и писмени повратни информации од наставниците за своите постигања и резултати. Преку разговори и заеднички анализи се разгледуваат нивниот индивидуален напредок, постигнатите резултати, но и областите во кои е потребно дополнително усовршување. На овој начин оценувањето се претвора во процес кој не служи само за утврдување на успехот, туку и активно го поддржува учењето и развојот на учениците. Добиените информации од оценувањето им овозможуваат на наставниците навремено да ги согледаат потребите на учениците и, согласно нивниот напредок, да ги приспособат наставните методи, формите на работа и пристапите во реализацијата на наставата. Преку резултатите се препознаваат силните страни на учениците, но и тешкотиите со кои се соочуваат, што претставува основа за планирање на дополнителни активности и поддршка. Резултатите од оценувањето наставниците ги користат и при понатамошното планирање на наставниот процес, со цел да се применат покреативни и поефикасни начини на учење и поучување. На крајот од секој тримесечен период, наставниците и педагошката

		служба подготвуваат аналитички и статистички прегледи на постигнатите резултати. Овие податоци се користат за следење на напредокот, согледување на тенденциите и споредување напостигањата со резултатите од претходните генерации ученици. Врз основа на добиените резултати од оценувањето, наставниците ги согледуваат областите во кои на учениците им е потребно дополнително појаснување, поддршка или вежбање и соодветно го приспособуваат наставниот процес. Кога резултатите ќе покажат дека поголем број ученици имаат потешкотии со определена наставна содржина, наставникот повторно ја разгледува и појаснува темата, применува поинакви методи и активности или организира дополнителна настава. Резултатите од оценувањето се користат и за препознавање на учениците кои покажуваат повисоки постигања и посебни способности. За нив наставниците подготвуваат посложени и стимулативни задачи со кои се поттикнува нивниот понатамошен развој и надградување на знаењата. Континуираното следење на резултатите овозможува да се согледа индивидуалниот напредок на секој ученик во различни временски периоди. Овие сознанија претставуваат основа за планирање на соодветни индивидуализирани активности, насоки и образовна поддршка, согласно потребите и можностите на ученикот. Преку навремена и конструктивна повратна информација, наставниците ги насочуваат учениците кон подобрување на знаењата и вештините, ги поттикнуваат да ги препознаат своите силни страни и области за напредок и ги мотивираат да постигнат повисоко ниво на успех и да го развијат својот потенцијал. Анкетирани се вкупно 125 ученици, 170 родители и 42 наставници.Најголем дел од учениците се согласуваат (47,2%) или целосно се согласуваат (37,6%) со тврдењето дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување. 9,6% не се согласуваат, не знаат/немаат информација 4% а целосно не се согласуваат 1,6% со тврдењето. Поголем број од родителите, се согласуваат (45,9%) или целосно се согласуваат (42,9%) со тврдењето дека наставниците му даваат насоки на нивното дете како подобро да учи. 6,5% не се согласуваат со ова тврдење, 2,9% целосно не се согласуваат, а 1,8 % од родителите изјавиле дека не знаат/немаат информација за тврдењето. Најголем број од наставниците, 78,6% целосно се согласуваат со тврдењето дека на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања, односно 21,4% се согласуваат со тврдењето. Речиси сите

		наставници 71,4% целосно се согласуваат или се согласуваат (28,6%) со тврдењето дека ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките.
Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Тековни извештаи на наставниците од реализирани воннаставни активности, МИО активности, реализирани проекти и натпревари, анкети, разговор со стручна служба.	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активнос ти	Училиштето континуирано планира и реализира разновидни воннаставни активности со цел да ги поттикне интересите, креативноста и личниот развој на учениците. Од разговорот со стручната служба утврдивме дека на учениците им се понудени разновидни воннаставни активности од кои тие можат да одберат според своите потреби, способности и интереси. Увидот во училишната педагошка евиденција и документација покажа дека наставниците планираат и реализираат разновидни краткотрајни и долготрајни воннаставни активности. Од краткотрајните воннаставни активности во училиштето се реализираат излети и екскурзии,еднократни работилници,акции во училиштето или во заедницата (еколошки акции, хуманитарни акции, акции за уредување на училиштето, акции во локалната заедница и други ученички/училишни акции). Од долготрајните воннаставни активности се реализираат секции/клубови,ученичко организирање и проекти како посебен вид активности. Во учебната 2024/2025 година особено се истакнува вклученоста на училиштето во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ како проектна воннаставна активност, реализиран од Коалиција СЕГА, со поддршка од Детска фондација „Песталоци“.Во негови рамки беа реализирани активности: Работилница за изработка на плакат со правила од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“,Работилница во рамки на ученичката иницијатива „Подготовка на протокол за користење на соблекувалните и реквизитите“ и Завршна активност на ученичката иницијатива**.** Овие активности беа насочени кон унапредување на безбедноста во училиштето, поттикнување на ученичкото учество и развивање на одговорноста на учениците за создавање безбедна и позитивна училишна средина. Во учебната 2025/2026 година во рамки на овој проект беа реализирани активностите: Работилница на тема „Комуникација и функционирање на Ученички парламент“, Работилница на тема „Истражување и истражувачки алатки“, Работилница на тема

		„Креирање ученички проект/иницијатива“, Реализирана ученичка иницијатива „Седни за промена – Rest zone – катче што зближува!“ Реализираните активности беа насочени кон зајакнување на капацитетите на Ученичкиот парламент, развивање на ученичкото учество и иницијативност и создавање безбедна и поддржувачка училишна средина. Со реализираните активности успешно се заокружи тригодишниот проект „Промоција на безбедна училишна средина“, при што се придонесе кон зајакнување на ученичкото учество, иницијативноста и создавањето безбедна и позитивна училишна средина.“ Според добиените резултати од спроведената анкета, незначителен број од учениците и родителите целосно се согласуваат или мал број од учениците и родителите се согласуваат дека училиштето нуди разновидни воннаставни активности. На прашалникот одговориле вкупно 170 родители и 125 ученици. Од нив, 26,5 % од родителите и 28% од учениците целосно се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.) 45,9% од родителите и 44,8% од учениците се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.) 15,3% од родителите и 8% од учениците не се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.) 4,7% од родителите и 5,6% од учениците целосно не се согласуваат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности (на пр., клубови, проекти, акции и сл.) 7,6% од родителите и 13,6% од учениците немаат информации за избор на воннаставни активности кои ги нуди училиштето.
	Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности	Учеството на учениците во воннаставните активности, без разлика на нивниот пол или јазична припадност, е значаен предуслов за градење инклузивна, еднаква и стимулативна училишна средина. Во училиштето се настојува сите ученици да имаат еднакви можности за вклучување во различни активности, преку кои можат да ги развиваат своите интереси, способности, креативност и социјални вештини. При планирањето и реализацијата на воннаставните активности се води сметка тие да бидат достапни и соодветни за сите ученици. Особено внимание се посветува на создавање средина во која се почитуваат различностите и се надминуваат стереотипите поврзани со полот, јазикот и културното потекло. Преку заеднички активности, учениците

		имаат можност да соработуваат, да се дружат и подобро да ги запознаваат културните вредности, традиции и особености на своите соученици. Во согласност со новиот концепт за основно образование, учениците од I до V одделение секојдневно учествуваат во разновидни воннаставни активности кои ја поттикнуваат инклузивноста, соработката и тимската работа. На овој начин се создаваат услови секој ученик да ги развива своите таленти, интереси и способности, притоа чувствувајќи се прифатено, почитувано и рамноправно вклучено во училишниот живот. Од резултатите од анкетата се забележува дека најголем број ученици се согласуваат (49,6%) или целосно се согласуваат (26,4%) со тврдењето дека се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор. Помал дел од учениците не се согласуваат (12%) или 9,6% од учениците немаат доволно информации или не дале мислење додека целосно не се согласуваат (2,4%) со тврдењето.
	Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности	Активното учество на учениците во креирањето и изборот на воннаставните активности придонесува за развивање на нивната самостојност, интереси, способности и чувство на одговорност. Кога учениците имаат можност да влијаат врз изборот на активностите, тие покажуваат поголема заинтересираност, мотивација и подготвеност за активно вклучување во училишниот живот. Наставниците им овозможуваат на учениците слободно да ги споделуваат своите идеи, желби и интереси преку анкети, разговори, дискусии и други форми на непосредна комуникација. Предлозите на учениците се земаат предвид при планирањето и организирањето на воннаставните активности, во согласност со можностите и условите на училиштето. Во овој процес наставниците имаат советодавна и поддржувачка улога, насочувајќи ги учениците и помагајќи им нивните идеи да се претворат во конкретни активности. Ваквата соработка меѓу наставниците и учениците придонесува за создавање отворена, демократска и инклузивна училишна средина, во која секој ученик има можност да го изрази своето мислење, активно да учествува и да придонесе кон заедничките цели. Анкетирани се вкупно 125 ученика, 170 родители и 42 наставника. Најголем дел од целосно се согласуваат (21,6%) или се согласуваат (52%) со тврдењето дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности, додека 12% не се согласуваат, 3,2% целосно не се согласуваат и 11,2% не

		знаат/немаат информација.Најголем дел од учениците целосно се согласуваат (28%) или се согласуваат (52,8%) со тврдењето дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури (од своето или од друго училиште), додека незначителен број не се согласуваат (9,6%) или целосно не се согласуваат (2,4%) со истото тврдење, а 6,4% не знаат/немаат информација. Поголем број од родителите се согласуваат (49,4%) или целосно се согласуваат (27,6%) со тврдењето дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес, додека незначителен број не се согласуваат (14,1%) или целосно не се согласуваат (4,1%) и 4,7% не знаат/немаат информација. Поголем број од наставниците, 52,4% се согласуваат со тврдењето дека планот за воннаставни активности кои ги водат го изготвуваат заедно со учениците, 27,6% целосно се согласуваат. 21,4% не се согласуваат со тврдењето, 2,4% целосно не се согласуваат и 2,4% не знаат/немаат информација.
	Натпревари	Училиштето посветено работи на поттикнување и мотивирање на учениците за активно учество на натпревари од различни области. Во подготовката и реализацијата на овие активности, учениците добиваат континуирана поддршка и насочување од наставниците кои имаат улога на ментори.Учениците се вклучуваат во различни проекти, културни и други манифестации, спортски натпревари, како и во натпревари од повеќе наставни области организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Преку ваквите активности тие имаат можност да ги надградуваат своите знаења и вештини, да ја развиваат креативноста и истрајноста, а истовремено да ја зголемуваат самодовербата и мотивацијата за постигнување успех.Учеството на натпревари претставува значајна можност за афирмација на талентите и способностите на учениците, но и за промовирање на училиштето. Учениците континуирано остваруваат забележителни резултати на различни нивоа на натпреварување, со што придонесуваат кон унапредување на угледот и успешноста на училиштето. Според спроведената анкета на учениците на тврдењето дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат во различни натпревари,35.2% целосно се согласуваат со тврдењето, 40.8% се согласуваат. 13.6% не се согласуваат, 4.8% целосно не се согласуваат .5.6% не знаат/немаат информација за тврдењето. Според спроведената анкета на учениците на тврдењето дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат во различни проекти,35.2% целосно се согласуваат со

		тврдењето, 52% се согласуваат. 6.4% не се согласуваат, .4.8% целосно не се согласуваат.1.6% не знаат/немаат информација за тврдењето.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето континуирано обезбедува поддршка на наставниците за унапредување на наставниот процес и професионалниот развој преку обуки, семинари, дисеминација на стекнатите знаења, работа на проекти и меѓусебна размена на добри практики. Наставниците планираат во електронска форма, согласно наставните планови и програми, а директорот и стручната служба континуирано го следат квалитетот на планирањата и даваат препораки за нивно унапредување. Посебна поддршка се обезбедува и за наставниците-приправници преку менторирање и советување. Наставниците активно соработуваат во рамките на стручните активи, разменуваат искуства и идеи и применуваат современи методи, техники, ресурси и различни форми на работа. Наставата се реализира согласно наставниот план, предвидената динамика и распоредот во е-дневникот, а во случаи на отсуство на наставник се обезбедува непречено одвивање на наставата. Учениците имаат можност за активно учество преку проекти, истражувања, дебати, работа во парови и групи, што придонесува за развивање на критичко мислење, самостојност, комуникациски и социјални вештини. Во училиштето се обезбедува инклузивна поддршка за учениците со посебни образовни потреби преку инклузивни тимови, индивидуализиран пристап и соработка меѓу наставниците, стручната служба, образовните асистенти и родителите. Сепак, потребно е дополнително јакнење на капацитетите за работа со ученици со ПОП, подобрување на соработката со образовните асистенти, навремено препознавање на потребите за поддршка и поголема вклученост на овие ученици во воннаставните активности. Потребно е и подобрување на физичката пристапност до сите делови од училиштето и адаптирање на санитарните простории. Училиштето применува различни форми и инструменти за оценување, при што се застапени формативното и сумативното оценување. Учениците и родителите навремено се информираат за критериумите и очекуваните постигања, а учениците добиваат континуирана повратна информација и насоки за подобрување. Резултатите од оценувањето се анализираат и се користат за понатамошно планирање и приспособување на наставата, како и за обезбедување дополнителна поддршка за учениците со потешкотии и дополнителни предизвици за учениците со повисоки постигања. Како слабост се издвојува тоа што училиштето нема интерен правилник за оценување. Во училиштето се реализираат разновидни слободни изборни и воннаставни активности, согласно интересите и потребите на учениците и расположливите кадровски и организациски услови. Учениците се вклучуваат во секции, клубови, проекти, ученички иницијативи, акции, натпревари и други активности. Особено значајно е учеството во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, преку кој се зајакнати ученичкото учество, иницијативноста и одговорноста. Училиштето настојува учениците да бидат активно вклучени во изборот и планирањето на воннаставните активности преку анкети, разговори и други форми на непосредна комуникација. Сепак,

резултатите од анкетите укажуваат на потреба од подобро информирање на учениците и родителите за понудените активности и од зголемување на нивното учество во нивното креирање. Се реализираат и активности за интеркултурна интеграција, преку кои учениците соработуваат и се дружат со ученици од други култури и наставни јазици. Училиштето создава безбедна, инклузивна, интеркултурна и поттикнувачка средина, со активности за превенција од насилство, развивање ненасилна комуникација, меѓусебно почитување и позитивна училишна клима. Наставниците ги мотивираат и поддржуваат учениците за учество на натпревари, проекти, културни, спортски и други манифестации. Учениците добиваат менторска поддршка и остваруваат резултати на различни нивоа, што придонесува за развој на нивните знаења, способности, креативност, самодоверба и афирмација на училиштето. Училиштето располага со воспоставени механизми за планирање, реализација, следење и унапредување на наставниот процес. Како приоритети за понатамошно унапредување се издвојуваат: јакнење на компетенциите на наставниците за инклузивна настава, подобрување на соработката со образовните асистенти, зголемување на ученичкото учество во креирањето на воннаставните активности, подобро информирање за можностите за вклучување и унапредување на физичката пристапност на училиштето.

Силни страни

- Училиштето обезбедува поддршка за наставниците со цел поуспешно планирање, подготовка и осовременување на наставниот процес.
- Наставниците применуваат различни стратегии и методи на поучување кои се усогласени со образовните потреби, можности и стилови на учење на учениците.
- Различните наставни ресурси се користат функционално и соодветно, во насока на примена на современи и иновативни пристапи во наставата.
- Училиштето обезбедува еднаков третман и еднакви можности за сите ученици, без оглед на нивната етничка припадност и културно потекло.
- Наставниците активно придонесуваат за создавање позитивна атмосфера во која се надминуваат стереотипите, предрасудите и различните видови дискриминација.
- Во училиштето функционира Училишен инклузивен тим кој придонесува за унапредување на инклузивноста во образовниот процес.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, пријатна, стимулативна и мотивирачка средина за учење и развој.
- Наставниците ги поттикнуваат учениците да размислуваат самостојно и критички, да поставуваат прашања, да истражуваат и самостојно да донесуваат заклучоци.
- Наставниците ги охрабруваат учениците преку позитивни и афирмативни коментари за нивниот труд, ангажман и постигнувања.
- Училиштето на систематски начин ги препознава и следи образовните потреби на учениците и презема соодветни мерки и активности за нивно задоволување.

- Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности кои ги следат интересите и потребите на учениците и придонесуваат за нивниот личен, социјален и целокупен развој.

Слаби страни

- Наставниците соработуваат во рамките на стручните активи при планирањето на наставата, но соработката во делот на непосредната реализација на наставата е недоволна.
- Постои потреба од дополнително информирање и запознавање на наставниците со улогата, начинот на работа и соработката со образовните асистенти.
- Пристапноста за лицата со физичка попреченост е обезбедена само на првиот кат од училишната зграда, што укажува на потреба од дополнително унапредување на пристапноста.
- Потребно е подобрување на информираноста и вклученоста на родителите во активностите на училиштето кои ги поврзуваат учениците од различни култури.
- Училиштето има потреба од дополнително опремување со современи наставни средства и дигитални алатки, како што се смарт табли и дигитални уреди за учениците

Приоритети

- Зајакнување на соработката во рамките на стручните активи преку споделување добри практики, искуства и примери од наставата, како и преку организирање нагледни и отворени часови.
- Унапредување на наставниот процес преку обезбедување и користење современи наставни средства, ресурси и дигитални алатки, со цел поефикасна примена на современи методи и пристапи во наставата.
- Унапредување на промоцијата и афирмацијата на активности за интеркултурно учество и соработка, со вклучување на ученици од различни култури и ученици кои следат настава на различен наставен јазик.
- Унапредување на пристапноста на училишниот простор за лицата со физичка попреченост, со обезбедување пристап и до вториот кат на училишната зграда.
- Зајакнување на соработката и координацијата меѓу наставниците и образовните асистенти, со цел обезбедување поквалитетна и навремена поддршка на учениците.


Индикатори за подрачјето:
2.1 Постигања на учениците **2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

Собирање податоци		
Индикатор 2.1 Постигања на учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Е-дневник; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди; извештаи од стручни соработници, директор.	Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди.	Училиштето ги следи постигањата на учениците и презема одредени мерки за нивно унапредување. Следењето на учеството и успехот на учениците во воннаставните активности се реализира повремено, а евиденцијата се води и сумира на крајот од учебната година. Статистика на успех на ученици по пол и националност за учебната 2024/2025 година: Македонци од вкупно 342 оценети ученика • Одличен успех покажале машки 112 и женски 121 (233 вкупно) • Многу добар успех покажале 57 машки и 46 женски (103 вкупно) • Добар успех покажале 36 машки и 2 женски (38 вкупно) • Доволен успех покажале 6 машки и 4 женски (10 вкупно) Роми од вкупно 23 оценети ученика • Одличен успех покажале 1 женско (1 вкупно) • Многу добар успех покажале 1 машко и 1 женски (2 вкупно) •Добар успех покажале 5 машки и 4 женско (9 вкупно) • Доволен успех покажале 3 машки и 3 женски (6 вкупно) • Ученици кои ја повторувале учебната година 3 машки и 1 женско (4 вкупно) Турци од вкупно 22 оценети ученика • Одличен успех покажале 1 женско (1 вкупно). • Многу добар успех покажале 3 машки и 1женско (4 вкупно). • Добар успех покажале 5 женски и 3 машки(8вкупно). • Доволен успех покажале 4 машко и 4 женско (8 вкупно)

		• Ученици кои ја повторувале учебната година 1 машко. Власи од вкупно 13 оценети ученика • Одличен успех покажале 5 машки и 2 женски (7 вкупно) • Многу добар успех покажале 6 машки (6 вкупно) Еден ученик од други националности е со одличен успех (1 вкупно) Статистика на успех на ученици по пол и националност за учебната 2025/2026 година: Македонци од вкупно 407 оценети ученика • Одличен успех покажале машки 110 и женски 109 (219 вкупно) • Многу добар успех покажале 66 машки и 65 женско (131 вкупно). • Добар успех покажале 19 женски и 34 машки(53 вкупно). • Доволен успех покажале 3 машко и 1 женско (4 вкупно) Роми од вкупно 9 оценети ученика • Одличен успех нема. • Многу добар успех покажале 1 женско (1 вкупно). • Добар успех покажале 1 женско (1 вкупно). • Доволен успех покажале 2 машки и 1 женско (3 вкупно) • Ученици кои ја повторувале учебната година 3 машки и 1 женско. (4 вкупно). Турци од вкупно 23 оценети ученика • Одличен успех покажале 1 машко и женски 4 (5 вкупно) • Многу добар успех покажале 3 машки 4 женски (7 вкупно). • Добар успех покажале 7 машки 1 женско (8 вкупно). • Доволен успех покажале 1 машко (1 вкупно) • Ученици кои ја повторувале учебната година 1 машко и 1 женско. (2 вкупно). Власи од вкупно 10 оценети ученика • Одличен успех покажале 3 машко и женски 1 (4 вкупно) • Многу добар успех покажале 4 машки 2 женски (6 вкупно).
	Резултати од екстерни тестирања	Училиштето учествува во организирани државни и меѓународни тестирања за проверка на знаењата на учениците. Во овој период Државно тестирање е организирано во мај 2024 година, а целна група се ученици од петто одделение по предметите:


- македонски јазик од подрачјата: јазик и комуникација, пишување и читање со разбирање и математика.

Прилог: Табеларни резултати од постигање на училиштето
Македонски јазик:
Подрачје: Јазик и комуникација




Резултатите покажуваат дека просечното постигнување на учениците е 200,91 поени. Најголем дел од учениците (85,19%) се на ниво 2, додека 14,81% се на ниво 1.
Според полот, машките ученици имаат просек 201,34, а женските 200,38, што покажува мала предност кај машките.
Во однос на прочитаните книги, учениците кои прочитале 6–10 книги имаат просек 201,13, а оние со 1–5 книги и повеќе од 10 книги имаат по 201,22 и 200,72 поени.


Најзначајно е дека учениците кои никогаш или скоро никогаш не отсуствуваат од наставата имаат највисоко постигнување **(**201,34 поени**),** додека кај учениците со почести отсуства резултатите се нешто пониски.
Постигнувањето е релативно високо и најголемиот дел од учениците се на ниво 2. Редовното присуство на наставата се издвојува како фактор поврзан со подобри резултати
Подрачје:Пишување



Резултатите покажуваат дека вкупното просечно постигнување е 198,27 поени. Најголем дел од учениците (77,78%) се на ниво 1, додека 18,52% се на ниво 2 и 3,70% на ниво 3.
Според полот, машките ученици имаат просек 197,97, а женските 198,64, што покажува мала предност кај женските ученици.
Според бројот на прочитани книги, највисок резултат имаат учениците кои прочитале 1–5 книги **(**199,16 поени**),** додека учениците кои не прочитале ниту една книга имаат 198,94 поени**.**

		Во однос на отсуствувањето, учениците кои никогаш или скоро никогаш не отсуствуваат имаат највисок резултат (198,52 поени**),** додека кај учениците со почести отсуства резултатите се нешто пониски. Поголемиот дел од учениците се на основно, ниво 1, а редовното присуство на наставата е поврзано со нешто подобри постигнувања. Подрачје читање со разбирање:  Резултатите покажуваат дека вкупното просечно постигнување изнесува 200,82 поени. Најголем дел од учениците (48,15%) се на ниво 3, додека 29,63% се на ниво 1 и 22,22% на ниво 2. Според полот, машките ученици имаат просек 200,89, а женските 200,73, што покажува речиси изедначени резултати. Според бројот на прочитани книги, највисок резултат имаат учениците кои прочитале 6–10 книги (201,10 поени), а најнизок оние кои не прочитале ниту една книга (200,40 поени).

Во однос на отсуствувањето, највисок резултат имаат учениците кои најмалку еднаш неделно или поретко отсуствуваат (201,55), додека најнизок резултат имаат учениците со отсуства најмалку еднаш на две седмици (199,46).
Резултатите се релативно високи, при што речиси половина од учениците се на највисокото, ниво 3. Разликите според пол се минимални, а учениците кои читаат повеќе книги покажуваат тенденција кон подобри постигнувања.
Математика



Резултатите покажуваат дека вкупно просечно постигнување од 200,25 поени. Најголем дел од учениците (51,85%) се на ниво 2, со просек од 199,93 поени, додека 33,33% се на ниво 3, со највисоко постигнување од 201,55 поени.
Според полот, резултатите се речиси изедначени: машките ученици имаат просек 200,56, а женските 200,01.
Сите ученици се со македонски јазик, со просечно постигнување од 200,25 поени.

		Според бројот на прочитани книги, највисок резултат имаат учениците кои прочитале повеќе од 10 книги (200,60 поени)**.** Во однос на присуството на наставата, највисок резултат **(**200,91 поени) имаат учениците кои никогаш или речиси никогаш не отсуствуваат**.** Постигнувањата се релативно изедначени и се движат околу 200 поени**,** при што најголем дел од учениците се на ниво 2. Учениците со поголема читателска активност и поредовно присуство на наставата покажуваат тенденција кон подобри резултати.
Анкети со наставници	Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености	Податок: На анкетата одговорите 36 наставници. Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат (61%) или се согласуваат (39%) со тврдењето дека успеваат да ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето. Поголем број од наставниците 64% целосно се согласуваат со тврдењето дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици, незначителен број од наставниците 36% се согласуваат со тврдењето дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици. Најголем дел од наставниците се согласуваат (53%) ,целосно се согласуваат (28%) со тврдењето дека голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивниот предмет/ти. Незначителен број од наставниците не се согласуваат (14%) или целосно не се согласуваат(5%) и немаат информации (3%) со тврдењењто дека голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по нивниот предмет/ти. Најголем дел од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека на родителите им даваат насоки како најдобро да му помогнат во учењето на своето дете (50%) , мал број од наставниците се согласуваат со тврдењето дека на родителите им даваат насоки како најдобро да му помогнат во учењето на своето дете (47%) и (3%) не знаат немаат информација .Податок: Анкетирани се вкупно 269 родител.Поголем број од родителите се согласуваат (41%) или целосно се согласуваат (38%) со тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа. Незначителен број од родителите не се согласуваат со тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа (8%), незначителен број од родителите не знаат или не се информирани за тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа (10%), незначителен број од родителите целосно не се согласуваат со тврдењето дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава доколку има потреба од тоа (3%).

		Обезбедување на материјали/ надгледни средства за работа со ученици со попреченост и со надарени ученици. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја изведуваат главно раководителот на паралелката, предметните наставници, стручната служба и Инклузивен тим на училиште. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку реализација на редовната, додатната, дополнителната настава и индивидуална со стручна служба и инклузивниот тим. Сите наставници кои имаат ученици со посебни потреби изработуваат индивидуален образовен план/модифицирана програма. Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници преку оценки, лична евиденција и проценка од секој наставник одделно, како и од прегледите на наградени ученици. За надарените и за сите заинтересирани ученици кои сакаат да ги прошират и продлабочат знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за додатна настава, која е и законска обврска на наставниците. Хоризонталното следење е континуирано во секоја година со давање на извештаи и дискусија од одделенските наставници и сите останати наставници за постигнатиот успех и поведение. Сите податоци се внесени во педагошката документација, дневници, Е - дневник и главни книги. Вертикалното следење на учениците е со повратна информација од средните училишта за упис на учениците во прва година средно образование и крајниот успех на прва година- дали има ученици кои ќе ја повторуваат учебната година. Ваквите податоци може да се најдат кај психолошко - педагошката служба.
Анкети со родители	Известување на родителите/ старателите за постигањата на учениците	Податок: Анкетирани се вкупно 269 родител. Поголем број од родителите се согласуваат (47%) или целосно се согласуваат (41%) со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивото дете. Незначителен број од родителите не се согласуваат (5%) или целосно не се согласуваат (5%) со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивото дете. Незначителен број од родителите 2% не знаат или немаат информација за тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивото дете. Најголем број од родителите (50%) се согласуваат со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете, или целосно се согласуваат со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете (42%), незначителен број од родителите (2%)не се согласуваат со тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете, незначителен број од родителите (1%) целосно не се согласуваат со тврдењето дека од

		училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете, незначителен број од родителите (3%) не знаат или немаат информација за тврдењето дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете. Најголем број од родителите целосно се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете (62%) , или се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете(37%), незначителен број од родителите (1%) не се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете, незначителен број од родителите (1%) целосно не се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигнувањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води. Родителите се навремено информирани за активностите на наставникот преку индивидуални средби, родителски средби, е-дневник, преку неформални групи или телефонски контакти.
Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата		
Извори на податоци	**Теми по Индикатори**	**Информации кои се собрани**
Записници од советувања на родители/старател и и ученици	Редовност во наставата	Родителите/старателите континуирано се информираат за присуството и отсуствата на своите деца од наставата. За учениците со поголем број изостаноци се организираат индивидуални разговори и вонредни родителски средби. Податоците за отсуствата се следат и доставуваат до стручната служба, која во соработка со родителите презема соодветни активности за подобрување на редовноста и намалување на отсуствата. Статистика на изостаноци на ученици по пол и националност за учебната 2024/2025 година: Македонци • Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 13178 и од страна на женски ученички има 11268 (24446 вкупно) • Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 383 и од страна на женски ученички има 44 (438 вкупно) Роми

		• Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 1644 и од страна на женски ученички има 1127 (2771 вкупно) • Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 4473 и од страна на женски ученички има 1960 (6433вкупно) Турци • Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 563 и од страна на женски ученички има 612 (1175 вкупно) • Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 107 и од страна на женски ученички има 53 (160 вкупно) Власи •Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 71 и од страна на женски ученички има 106 (177 вкупно) • Неоправдани изостаноци од страна на машки и женски ученици нема. Статистика на изостаноци на ученици по пол и националност за учебната 2025/2026 година: Македонци • Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 7521 и од страна на женски ученички има 6836 (14357 вкупно) • Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 1202 и од страна на женски ученички има 26 (1228 вкупно) Роми • Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 1719 и од страна на женски ученички има 1607 (3326 вкупно) • Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 3627 и од страна на женски ученички има 1093 (4720 вкупно) Турци • Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 656 и од страна на женски ученички има 798 (1454 вкупно) • Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 62 и од страна на женски ученички има 17 (79 вкупно) Власи •Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 230 и од страна на женски ученички има 50 (280 вкупно)

		• Неоправдани изостаноци од страна на машки ученици има 4,а женски ученици нема Други националности • Оправдани изостаноци од страна на машки ученици има 42 и од страна на женски ученички 25 (67 вкупно) Неоправдани нема.
Извештаи од стручни соработници	Советување на родители/ старатели и ученици	Училиштето континуирано ги следи и анализира постигањата на учениците по сите наставни предмети и квалификациони периоди, вклучително и според полот и јазикот на наставата. Анализите покажуваат задоволителни резултати и континуиран напредок кај најголем дел од учениците. Врз основа на добиените податоци се планираат и реализираат соодветни мерки за поддршка, како дополнителна и додатна настава, индивидуална работа и соработка со родителите. Училиштето применува јасни процедури за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост, обезбедувајќи соодветна образовна и стручна поддршка согласно нивните потреби. Надарените ученици се поттикнуваат преку учество на натпревари и воннаставни активности. Редовноста на учениците е на задоволително ниво, а за учениците со зголемен број изостаноци се преземаат советодавни и педагошки мерки во соработка со родителите и стручната служба. Училиштето останува посветено на континуирано подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на сите ученици.
Анкети со ученици	Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава	Анкетирани се вкупно 186 ученици. Најголем број од учениците целосно се согласуваат (46%) или се согласуваат (39%) со тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето. Незначителен број од учениците 2% не се согласуваат со тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето, и не знаат или немаат информација за тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето, незначителен број од учениците 13% целосно не се согласуваат со тврдењето дека нивните родители/старатели постојано се известувани за нивниот напредок во училиштето. Најголем број од учениците се согласуваат (52%) или целосно се согласуваат (29%) со тврдењето дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех. Незначителен број од учениците 5% не се согласуваат со тврдењето дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех, незначителен број од учениците 8% целосно не се согласуваат со тврдењето дека

		наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех, незначителен број од учениците 7% не знаат или немаат информација за тврдењето дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех. Поголем број од учениците се согласуваат (43%) или целосно се согласуваат (20%) со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање наставниците организираат дополнителна настава. Незначителен број од учениците 16% не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање, наставниците организираат дополнителна настава, незначителен број од учениците 4% целосно не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање, наставниците организираат дополнителна настава, незначителен број од учениците 17% не знаат или немаат информација за тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот на нивно барање,наставниците организираат дополнителна настава. Најголем број од учениците се согласуваат (46%) или целосно се согласуваат (34%) со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин. Незначителен број од учениците 7% не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин, незначителен број од учениците 9% целосно не се согласуваат со тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин, незначителен број од учениците 4% не знаат или немаат информација за тврдењето дека доколку не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различен начин. Поголем број од учениците се согласуваат (30%) или целосно се согласуваат (21%) со тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови. Незначителен број од учениците не се согласуваат со тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови (26%), незначителен број од учениците 4% целосно не се согласуваат со тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови, незначителен број 35 од учениците 19% не знаат или немаат информација за тврдењето дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите наставниците им нудат додатни часови. Најголемиот број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на

		наставата за подобрување на постигањата. Потребно е зајакнување на реализацијата на дополнителната и додатната настава, особено во предметна настава. Училиштето не ги анализира резултатите од дополнителната и/или диференцираната настава од аспект на придонес кон постигањата.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето континуирано ги следи постигањата, редовноста и напредокот на учениците и презема мерки за нивно унапредување. Следењето се реализира преку редовната, дополнителната и додатната настава, индивидуална поддршка, работата на стручната служба и Инклузивниот тим, како и преку изработка и реализација на индивидуални образовни планови/модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби.

Анализата на успехот по пол и националност покажува дека најголем број ученици постигнуваат одличен и многу добар успех, при што се следат и разликите во постигањата и потребите на различните групи ученици. Во однос на државното тестирање, учениците покажуваат релативно добри и изедначени резултати, а редовното присуство и читателските навики се издвојуваат како фактори поврзани со подобри постигања.

Училиштето има воспоставено механизми за идентификација и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби. Наставниците и стручната служба соработуваат со родителите и обезбедуваат насоки за подобрување на успехот и однесувањето на учениците.

Следењето на постигањата се врши хоризонтално и вертикално, а податоците се евидентираат во педагошката документација, дневниците, е-дневникот и главните книги. Училиштето има воспоставен систем за информирање на родителите за успехот, редовноста и напредокот на учениците преку е-дневник, родителски и индивидуални средби и други форми на комуникација.

Генерално, подрачјето се карактеризира со воспоставен систем на следење, анализа и поддршка на постигањата на учениците, со потреба од понатамошно унапредување на континуираното следење на воннаставните активности, како и на мерките за подобрување на постигањата кај учениците со послаби резултати.

Училиштето континуирано ја следи редовноста, постигањата и напредокот на учениците и навремено ги информира родителите. За учениците со зголемен број изостаноци се преземаат соодветни педагошки и советодавни мерки во соработка со родителите и стручната служба.

Наставниците применуваат различни методи и стратегии за подобрување на постигањата и обезбедуваат дополнителна поддршка, додека надарените ученици се поттикнуваат преку додатна настава, натпревари и воннаставни активности. Потребно е понатамошно зајакнување на дополнителната и додатната настава, особено во предметната настава, како и анализа на нивниот придонес врз постигањата на учениците.

Силни страни

• Наставниците континуирано ги препознаваат надарените ученици и им обезбедуваат соодветна поддршка за развој на нивните способности и потенцијали.
• Учениците кои се соочуваат со потешкотии во учењето редовно се идентификуваат и добиваат поддршка преку заедничка работа на наставниците, стручните соработници и образовните асистенти.
• Сите наставници кои работат со ученици со попреченост се запознаени со постапките за изработка на ИОП и ПОП и редовно подготвуваат полугодишни и годишни извештаи за нивниот напредок
• Училиштето располага со стручен кадар, односно специјален едукатор и рехабилитатор кој обезбедува соодветна поддршка на учениците со посебни образовни потреби и придонесуваат за нивниот успешен образовен и личен развој.
• Значителен број родители активно го користат е-дневникот, со што имаат навремен и континуиран увид во успехот и напредокот на своите деца.
• Одделенските раководители систематски ја следат редовноста на учениците, ги анализираат причините за отсуствата и преземаат соодветни мерки за нивно надминување.
• Воспоставена е квалитетна соработка помеѓу училиштето и родителите преку редовни и вонредни родителски средби, индивидуални разговори и континуирано информирање за состојбата со редовноста и постигањата на учениците.
• Училиштето ги афирмира и вреднува успесите на учениците преку јавно промовирање и наградување на оние кои постигнуваат значајни резултати на натпревари, манифестации и други воспитно-образовни активности.

Слаби страни

• Потребно е дополнително обезбедување и осовременување на материјали и нагледни средства за поефикасна работа со ученици со попреченост и со надарени ученици.
• Иако училиштето редовно ги прибира и анализира податоците за постигањата на учениците, потребно е нивно поголемо искористување при планирањето мерки и активности за унапредување на наставниот процес и ученичките постигања.
• Потребно е поинтензивно организирање и реализација на дополнителна настава согласно потребите и интересите на учениците.

Приоритети

• Унапредување на системот за следење и анализа на постигањата на учениците при преминот од еден во друг квалификациски период, со цел навремено планирање и реализација на соодветни мерки за поддршка.
• Континуирано следење и евалуација на ефектите од советувањето на родителите/старателите, со цел унапредување на соработката и обезбедување соодветна поддршка за учениците.

• Унапредување на организацијата и реализацијата на дополнителната и додатната настава согласно потребите, можностите и постигањата на учениците.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Индикатори за подрачјето:
3.1 Училишна клима
3.2 Еднаквост и правичност
3.3 Партнерски однос со заедницата
3.4 Севкупна грижа за учениците

Собирање податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Кодекс на однесување; анкети/интервју а со наставниците, стручните соработинции, родителите/ста рателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител ;	Углед/имиџ на училиштето	ООУ „Тошо Арсов“ е училиште во кое се создава позитивна средина кое обезбедува можности за стекнување знаења и вредности преку квалитетно образование и подобрени услови за работа почитувајќи ги разликите и стимулирајќи ги индивидуалните способности на учениците. Нашето училиште во локалната средина е препознатливо и уникатно по „Фондацијата Љупчо и Тошо Арсови“ кој распишува конкурси на општинско ниво и финансира награди за учениците и нивните ментори со што се постигнува стимулативна средина. Нашето училиште е препознатливо и по наставата која се изведува на турски јазик во подрачното училиште во с. Почивало. Училиштето е насочено кон создавање услови за стекнување и унапредување на знаењата, вештините, компетенциите и вредностите на учениците преку обезбедување квалитетен и современ образовно-воспитен процес и континуирано подобрување на условите за работа. Во своето дејствување, училиштето ја негува различноста, еднаквоста и инклузивноста, почитувајќи ги индивидуалните потреби, можности и интереси на секој ученик и поттикнувајќи го развојот и афирмирањето на неговите лични способности и потенцијали. Училиштето исто така е препознатливо во локалната средина како воспитно-образовна институција која континуирано промовира високи постигања, редовност, одговорност и дисциплина кај учениците, притоа градејќи позитивна училишна клима

програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител ; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи)		заснована врз меѓусебно почитување, соработка и доверба. Особено внимание се посветува на развивањето и унапредувањето на соработката со родителите, институциите и локалната заедница, со цел создавање заеднички услови за целокупен развој и благосостојба на учениците. ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР Од спроведеното интервју со Директорот нашето училиште е препознатливо по квалитетната воспитно-образовна работа, професионалниот и посветен наставен кадар, активното учество на учениците во различни активности и постигнатите резултати на натпревари, проекти и јавни настани. Училиштето се стреми кон создавање безбедна, инклузивна и поттикнувачка средина во која учениците ги развиваат своите знаења, вештини и таленти. Постигањата на учениците и наставниците се промовираат преку училишната веб-страница, социјалните мрежи, локалните медиуми, јавни настани, изложби, приредби и презентации. Дополнително, успесите редовно се споделуваат на родителски средби, наставнички совети и во соработка со локалната заедница. Училиштето се афирмира преку различни воннаставни активности, како што се учество на натпревари, литературни и ликовни конкурси, спортски активности, еколошки акции, хуманитарни активности, хор , работилници, проекти и културни манифестации. Овие активности придонесуваат за развој на креативноста, тимската работа и активното учество на учениците во училишниот и општествениот живот. СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ Нашето училиште има официјална веб страница, официјален Facebook профил и официјален Instagram профил. Во училиштето има тим кој работи на дигиталните содржини за афирмација на училиштето. Назначен е одговорен наставник за работа со профилите веб страницата на училиштето (Ирина Крстовска), а за уредување на текстови и креирање содржини (Даниела Иванова) - Официјална веб страница на училиштето е https://ooutosoarsov.edu.mk/. - Официјалниот Facebook профил https://www.facebook.com/toso2arsov - Официјален Instagram профил https://www.instagram.com/ou.toso.arsov.stip?igsh=bTJhM3Q1Z2JhbnJv ОСОБЕНИ ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИ Училиштето има изградено и систем на промовирање на постигнувањата на сите ученици во рамките на училиштето и во поширокаата локална средина преку Правилник за видовите пофалби и награди на учениците кои придонесуваат за афирмирање на училиштето.

		Избор на првенец на генерацијата дел бр. 0803-518/1од 07.10.2019г. Постапката за изборот на првенец на годината се спроведува од страна на комисија, по претходно утврдени критериуми и стандарди.Комисијата објавува конкурс каде може да се пријават учениците,да бидат пријавени од страна на одделенскиот родител исто така и од предметните наставници.Се состанува комисијата каде се разгледуваат и бодираат предложените ученици и се избира ученик првенец на генерација чиј избор се потврдува на наставнички совет.
	Кодекс на однесување	Во училиштето има Етички кодекс за однесување на Директорот, наставниците и стручните соработници и учениците и помошно-технички персонал и родителите под архивски бр.0201-559/1 од 22.12.2023 година. Кодексот ги содржи принципите и правилата за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор и сите останати вработени во училиштето. Кодексот за однесување на наставниците, учениците и родителите се презентира секоја учебна година на првиот училишен ден и на родителски средби, а неговата одржливост се постигнува со постојано насочување на учениците кон неговите принципи и правила на однесување, а исто така и преку работилници опфатени со ОЖВ наставната програма. Од спроведеното интервју со Директорот Кодексот на однесување на училиштето е донесен согласно законските прописи и интерните акти на училиштето, преку транспарентен и партиципативен процес. Неговото донесување се реализирало по претходна анализа на потребите на училиштето, разгледување на предлози и усогласување со вредностите и правилата на воспитно-образовната работа. Кодексот е усвоен од страна на надлежните училишни органи и е достапен за сите вработени, ученици и родители. Во процесот на изработка и донесување на Кодексот учествувале директорот, наставниците, стручната служба, претставници на учениците, Советот на родители и Училишниот одбор. Содржината на Кодексот се преиспитува и ажурира по потреба, согласно законските измени, препораките од надлежните институции и актуелните состојби и потреби во училиштето. Во најголем дел, учениците, наставниците, родителите и останатите вработени ги почитуваат правилата и принципите утврдени со Кодексот. Континуирано се работи на развивање на култура на почитување, одговорност и меѓусебна соработка. Во случаи

		на непочитување на правилата, се постапува согласно педагошките мерки, законските прописи и интерните процедури на училиштето, преку советодавна работа, разговори, писмени опомени и други соодветни мерки во зависност од ситуацијата. Според спроведените анкети со наставниците, поголем број од наставниците се согласуваат или целосно се согласуваат дека имаат учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето. Најголем број од наставниците целосно се согласуваат или се согласуваат дека нашето училиште соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување. Според спроведените анкети со родителите, најголем број од нив се согласуваат или целосно се согласуваат дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето, а поголем дел од нив целосно се согласуваат или се согласуваат дека имаат можности да придонесат за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување Анкетирани се вкупно 216 родители, 189 ученика и 43 наставника по случаен избор. • 20,9% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека имаат учествувано во изработка / ажурирање на Кодексот за однесување во училиштето, 32,6% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 39,5% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат немаат учествувано во изработка / ажурирање на Кодексот за однесување во училиштето. 2,3% од наставниците целосно не се согласуваат, а 4,7% од наставниците одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање. • 41,9% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување, 44,2% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 7% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека училиштето не постапува соодветно доколку се прекрши Кодексот на однесување. 2,3% од наставниците целосно не се согласуваат, а 4,7% од наставниците одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање. • 40,7% од родителите целосно се согласуваа со тврдењето дека се запознаени со Кодексот на однесување во училиштето, 50,5% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 1,9% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека не се запознаени со Кодексот на однесување во училиштето. 2,3% од родителите целосно не се согласуват, а 4,6% од родителите одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање.

		• 21,8% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето дека имаат можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување, 45,8% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 10,6% не се согласуваат со тврдењето, односно сметаат дека немаат можности да придонесат за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување. 2,3% од родителите целосно не се согласуваат, а 19,4% од родителите одговориле дека немаат информација во однос на ова прашање.
	Училишна клима	Помеѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување,толеранција, соработка , креативност, исполнителност. Активностите во кој учествуваат вработените во училиштето , учениците и родителите се изведуваат во училиштето или во соработка со локалната самоуправа на однапред договорен термин и место .Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар,учениците и родителите при донесувањето на важни одлуки. Поголем број од наставниците истакнуваат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. Исто така поголем број од учениците изјавиле (во анкетите) дека во училиштето се чувствуваат сигурно и безбедно, прифатено од другите ученици како и прифатено и почитувано од наставниците. Родителите во поголем број исто така изјавиле дека нивните деца се прифатени и почитувани од наставниците и од соучениците. Сите учесници во училиштето се вклучени во активностите во училиштето преку организирање на настани за одбележување на значајни празници (Велигденски базар, Новогодишни работилници..) со активно вклучување на родителите , учениците и наставниците. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Поголем број од наставниците се изјасниле дека добро соработуваат со колегите во училиштето и работат тимски во комисии и тимови. Постои професионална соработка меѓу вработените кое се докажува со оддржани обуки на ниво на училиште во рамки на професионалниот развој на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство) и постојано се работи на подобрување на меѓусебната професионална соработка.Професионална е соработката меѓу сите вработени во училиштето, во годишната програма има програма за соработка на сите структури во училиштето од која се реализираат повеќе активности. Во училиштето нема закани, говор на омраза, пишани графити со

		негативни пораки. Се работи на меѓусебно почитување, навремено се советуваат оние кои не почитуваат правила ,но сепак незначителен број ученици во анкетните листови наративно посочуваат меѓусебни провокации, вербални навреди. Средината за учење ги мотивира учениците и поголем број истакнуваат дека сакаат да одат на училиште, а родителите во поголем број го потврдуваат истото. Во училишето постои Тим за односи на сите структури во училиштето (Директор, стручни соработици, претседатели на стручни активи од одделенска настава и предметна настава,претседател на Синдикална организација, претседател на Училишен одбор, претседател на Совет на родители, претседател на Училишна заедница, помошно – технички персонал.) Овој тим има свој план за работа кој е дел од Годишната програма. ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР: Генералната клима во училиштето е позитивна, поддржувачка и насочена кон создавање безбедна и поттикнувачка средина за работа и учење. Во училиштето се негуваат меѓусебна почит, соработка, толеранција и професионален однос помеѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес. Континуирано се работи на унапредување на меѓучовечките односи и градење позитивна училишна култура. ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ: Прашање 3.5- Добро соработувам со колегите во училиштето. Од вкупно 43 анкетирани наставници, целосно се согласуваат 18 испитаници – 41,9%, се согласуваат 21 испитаници -48,8 %, не се согласувам 2 испитаника-4,7% , целосно не се согласувам2 испитаника-4,7 %, не знам / немаат информација 0 испитаник-0%. Прашање 3.3 - Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. Од вкупно 43 анкетирани, целосноо се согласуваат 10 испитаници – 23,3% , се согласуваат- 18 испитаници-41,9 %, не се согласуваат 11- 25,6%, целосно не се согласуваат4 испитаници -9,3%, не знам/немам информации 0 испитаници 0%. Прашање 3.4 – За време на моите часови има добра работна атмосфера. Од вкупно 43 анкетирани, целосно се согласуваат 27 испитаници -62,8 % се согласуваат 15 испитаници –34,9 %, не се согласувам 1 испитаник-2,3%, целосно не се согласувам о испитаник -0% не знам/ немаат информација, 0 испитаник-0%. ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ: Прашање 3.3- Моето дете е прифатено и почитувано од

		наставниците. Од вкупно 216 анкетирани, Целосно се согласуваат 105 испитаници – 48,6%, се согласуваат 96 испитаници – 44,4%, Незначителен број не се согласуваат 9 испитаници – 4,2% , целосно не се согласува 6 испитаник – 2,8%, немаат информација 0 испитаници – 0%. Прашање 3.4- Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците. Од вкупно 216 анкетирани, Целосно се согласуваат 79 испитаници – 36,6%, се согласуваат 115 испитаници – 53,2%. Незначителен број 14 испитаници не се согласуваат – 6,5% , целосно не се согласува 5 испитаника – 2,3%, не знам /немаат информација 3 испитаници – 1,4%. Прашање 3.5- Моето дете сака да оди на училиште. Од вкупно 216 анкетирани родители-Целосно се согласуваат 104 испитаници – 48,1%, се согласуваат 104 испитаници- 48,1%. Незначителен број 4 испитаници не се согласуваат – 1,9% , целосно не се согласува 39 2 испитаника – 0,9%, не знам /немаат информација 2 испитаници – 0,9%. ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ: Прашање 3.1- Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. Од вкупно 189 анкетирани, Поголем број целосно се согласуваат 51 испитаници - 27% , се согласуваат 109 испитаници – 57,7 %. Незначителен број не се согласуваат 14 испитаници – 7,4% , целосно не се согласува 9 испитаник – 4,8%, немаат информација 6 испитаници – 3,2%. Прашање 3.2- Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. Од вкупно 189 анкетирани, Целосно се согласуваат 73 испитаници – 38,6%, се согласуваат 95 испитаници – 50,3%. Незначителен број не се согласуваат 11 испитаници – 5,8% , целосно не се согласува 5 испитаник – 2,6%, немаат информација или 5 испитаници – 2,6%. Прашање 3.3- Се чувствувам прифатено и почитувано од наставниците. Од вкупно 189 анкетирани, Целосно се согласуваат 78 испитаници – 41,3%, се согласуваат 88 испитаници – 46,6%. Незначителен број не се согласуваат 11 испитаници – 5,8% , целосно не се согласува 4 испитаник – 2,1%, немаат информација 8 испитаници – 4,2%. Прашање 3.4- Сакам да одам на училиште. Од вкупно 189 анкетирани ученици, Целосно се согласуваат 37 испитаници – 19,6% се согласуваат 94 испитаници – 49,7%. Незначителен број не се согласуваат 32 испитаници – 16,9% , целосно не се согласува 119

		испитаник – 10,1%, немаат информација 7 испитаници – 3,7%.
	Поведение и дисциплина во училиштето	Училиштето има куќен ред под арх. бр. 0201-559/1 од 22.12.2024 година и го почитуваат сите ученици, вработени а делумно и родителите. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, каде по однапред изготвен распоред секојдневно има дежурни наставници во секој ходник и дежурни наставници за испраќање на учениците кои патуваат со превоз. На вратата има дежурни служители за контрола на влезот. Вработените се грижат за приемот на учениците и нивното заминување од училиштето и изготвен распоред од секој наставник за приемен ден и термин за индивидуален прием на родителите. Проширената програма во училиштето опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава за учениците во прво, второ и трето одделение,продолжен престој, дополнителна и додатна настава, воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии,натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма,како и активности на ученичката организација. Во училиштето се реализира дополнителна и додатна настава (во VIII и IX одд.по годишен план, а во другите одделенија според концепцијата во текот на редовните часови според потребите), воннаставни активности. За проширена програма спроведена е генерална анкета за родителите според која родителите се изјаснија дека немаат потреба од организација и реализација на проширена програма, а тоа се должи на фактот дека учениците посетуваат целодневна настава организирана од страна на детските градинки во близина на нашето училиште, затоа во училиштето не се реализира продолжен престој. Вработените внимаваат на учениците и во училиштето и во негова близина и надвор од него. Според спроведената анкета поголем број од родителите и учениците се изјасниле дека училиштето го чувствуваат како безбедна средина. Во училиштето постои Правилник за изрекување педагошки мерки со архивски број 0803-518/2 од 07.10.2019 година. Пред изрекување на педагошката мерка се формира тим за ученикот кој го следи ученикот и се преземаат превентивни мерки, а тимот го следи и по изрекувањето на педагошката мерка за да се надминат проблемите и потешкотиите кај ученикот за што е изречена педагошката

		мерка. Најголем број од учениците се со примерно поведение. Дисциплината во училиштето се одржува преку: -Етичкиот кодекс на однесување на директорот, наставниците, стручните соработници, помошно-техничкиот персонал, учениците и родителите; -Правилник за однесување на ученици, наставници и родители во училиштето и училишниот двор; -Правилник за заштита и зачувување на училишниот инвентар, користење на компјутерите и надоместок на штета врз училишниот инвентар и компјутерската опрема; -Правилник за изрекување на педагошки мерки; -Правилник за регулирање изостаноци на учениците; -Протокол за постапување во случај на попречување на воспитно-образвната работа во паралелката од страна на ученик -Протокол за пријавување на инциденти и следење -Распоред на работни задачи на помошно –технички персонал; -Распоред за дежурства на наставници; -Распоред за прием на родители во одреден ден и термин; -Куќен ред. ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР:Работната дисциплина во училиштето е на задоволително ниво. Учениците и вработените во најголем дел ги почитуваат правилата на однесување, распоредот и обврските. За време на наставата се настојува да се одржи работна атмосфера која овозможува квалитетна реализација на наставниот процес, додека надвор од часовите се обезбедува соодветен надзор и организација со цел зачувување на редот, безбедноста и позитивната училишна клима. ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:Прашање 3.6- Училиштето добро се справува со дисциплината. Од вкупно 216 анкетирани родители, Поголем број се согласуваат 124 испитаници – 57,4% и целосно се согласуваат 56испитаници -25,9%. Незначителен број не се согласуваат 23 испитаници –10,6 % , целосно не се согласува 6 испитаник – 2,8%, немаат информација 7испитаници – 3,2%.

		ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ: Прашање 3.1- Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. Од вкупно 189 анкетирани ученици, Поголем број целосно се согласуваат 51 испитаници - 27% , се согласуваат 109 испитаници – 57,7 %. Незначителен број не се согласуваат 14 испитаници – 7,4% , целосно не се согласува 9 испитаник – 4,8%, немаат информација 6 испитаници – 3,2%.
	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Во училиштето функционира Ученички парламент (Конституирање на ученички парламент, Одлука бр. 0803-441/2 од 05.10.2023г.) кој го одразува етничкиот состав на училиштето. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес (забава која ја организира парламентот, за хуманитарни акции, за приредби, одбележувања, базари, за информации позвразни со полуматура) и сл. Според претседателот на Ученичкиот парламент информациите се споделуваат најчести усно, на класен час или пак во затворени групи на паралеките на социјалните мрежи и најчесто информациите ги споделува претседателот или заменик -претседателот на паралеката. Учениците преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки. Преку проектот ученичкиот парламент посети низа работилници од надворешен локален ментор и работилници одржани од наставниците од училиштето за темата „Стоп за насилство /булинг“. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент :реализирани активности во рамки на проектот за учебна 2024/25г. „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА“ Во рамки на проектот „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА“, реализиран од Коалиција СЕГА, со поддршка од Детска фондација „Песталоци“, беа реализирани активности насочени кон унапредување на безбедноста во училиштето, поттикнување на ученичкото учество и развивање на одговорноста на учениците за создавање безбедна и позитивна училишна средина. Реализирани активности: 1.Работилница за изработка на плакат со правила од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“

		Реализирана е работилница со учениците за изработка на плакат со правила за безбедно однесување во училиштето. Преку активноста учениците беа поттикнати активно да учествуваат во креирањето на правила кои придонесуваат за безбедна, позитивна и поддржувачка училишна средина. Изработениот плакат претставува визуелен потсетник за почитување на правилата и одговорно однесување во училиштето. 2.Работилница во рамки на ученичката иницијатива „Подготовка на протокол за користење на соблекувалните и реквизитите“ Во рамки на ученичката иницијатива беше реализирана работилница насочена кон подготовка на протокол за безбедно и одговорно користење на соблекувалните и спортските реквизити. Учениците активно учествуваа во идентификување на правилата и начинот на користење на просторот и реквизитите, со цел намалување на ризиците и создавање побезбедни услови за реализација на спортските активности. 3.Завршна активност на ученичката иницијатива Ученичкиот парламент ја реализираше завршната активност од ученичката иницијатива, која беше дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Со активноста беше заокружен процесот на ученичко учество и придонес во креирањето мерки и правила за унапредување на безбедноста во училиштето и поставување на нови врати во соблекувалните. Реализирани активности во рамки на проектот за учебна 2025/2026г. „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА“ Во рамки на проектот „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА**“**, реализиран од Коалиција СЕГА, со поддршка од Детска фондација „Песталоци“, во учебната 2025/2026 година беа реализирани активности насочени кон зајакнување на капацитетите на Ученичкиот парламент, развивање на ученичкото учество и иницијативност и создавање безбедна и поддржувачка училишна средина. Реализирани активности: 1.Работилница на тема „Комуникација и функционирање на Ученички парламент“ Реализирана е работилница насочена кон унапредување на комуникациските вештини на учениците и подобро запознавање со улогата, функцијата и начинот на работа на Ученичкиот парламент. Преку работилницата учениците беа поттикнати активно да

		учествуваат во работата на парламентот, да ги застапуваат интересите на учениците и да придонесуваат во креирањето на позитивна училишна средина. 2.Работилница на тема „Истражување и истражувачки алатки“ Реализирана е работилница преку која учениците се запознаа со основите на истражувачкиот процес и со различни истражувачки алатки. Активноста придонесе за развивање на способностите на учениците за идентификување на проблеми, собирање и анализа на информации и согледување на потребите на ученичката заедница. 3.Работилница на тема „Креирање ученички проект/иницијатива“ Во рамки на проектот беше реализирана работилница за подготовка и креирање ученички проект/иницијатива. Учениците беа поттикнати да препознаваат проблеми и потреби во училиштето, да предлагаат решенија и да ги преточат своите идеи во конкретни активности. Со тоа се зајакнаа нивната иницијативност, одговорност и активно учество во училишниот живот. 4.Реализирана ученичка иницијатива „Седни за промена – Rest zone – катче што зближува!“ Ученичкиот парламент реализираше ученичка иницијатива „Седни за промена – Rest zone – катче што зближува!“, како резултат на претходно реализираните активности и работилници во рамки на проектот. Иницијативата беше насочена кон создавање пријатен и безбеден простор за дружење, комуникација и меѓусебно поврзување на учениците. Преку иницијативата учениците имаа можност активно да учествуваат во унапредувањето на училишниот простор и да придонесат кон создавање позитивна училишна атмосфера. ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ: Прашање 3.11 Ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.Од анкетирани 189 ученици по случаен избор Поголем број ученици 65 -34,4% целосно сесогласуваат ,се согласуваат со тврдењето 92 48,7% Незначителен број ученици 7-3,7 %, целосно не се согласуваат со истото тврдење4-2,1% и 21-11,1% од учениците не знаат/немаат информација за истото тврдење. ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ: Прашање 3.8 Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес. Од анкетирани 43 наставници целосно се согласуваат 22 испитаника-51,2% со тврдењето

		се согласуваат 21 испитаник- 48,8 не се согласуваат со тврдењето 0 испитаника -0%, целосно не се согласувам 0 испитаника -0%, не знаат / немаат информација 0 испитаници-0% ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР: Ученичкиот парламент организира и учествува во различни активности, како што се хуманитарни акции, едукативни и еколошки работилници, спортски и културни настани, одбележување значајни датуми, иницијативи за подобрување на училишниот живот и активности за поттикнување врсничка соработка и толеранција.Ученикот правобранител има улога да ги следи и штити правата на учениците, да посредува при појава на проблеми и да ги насочува учениците кон соодветни начини за решавање на одредени ситуации. ИНТЕРВЈУ СО СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ :Ученичкиот парламент претставува значаен облик на ученичко организирање и активно учество во животот на училиштето. Во рамките на своето дејствување, тој иницира, организира и реализира разновидни активности од хуманитарен, едукативен, еколошки, спортски и културен карактер. Особено внимание се посветува на одбележувањето значајни датуми и настани, покренувањето иницијативи за унапредување на училишната средина и создавањето можности за развивање на врсничката соработка, меѓусебното почитување, толеранцијата и солидарноста. На тој начин, Ученичкиот парламент придонесува кон јакнење на ученичкиот активизам и создавање позитивна и инклузивна училишна клима. Ученикот правобранител има особено значајна улога во следењето, промовирањето и заштитата на правата и интересите на учениците. Неговата задача е да им овозможи на учениците соодветна поддршка при појава на одредени предизвици или проблеми, да посредува во ситуации кои бараат дополнително внимание и да ги упатува учениците кон соодветни механизми и начини за нивно конструктивно и ненасилно разрешување. Преку своето дејствување, ученикот правобранител придонесува кон развивање на култура на почитување на правата, одговорноста, дијалогот и меѓусебното разбирање во училишната заедница.
Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Анкета и разговори со	Познавање и	Во училиштето во текот на целата учебна година се реализираат бројни активности за

ученици, родители/старатели, наставници, стручна служба; -Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; -Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр.број на претставки и начин на разрешување); -Структура на паралелките; -Записници од работата на УИТ-Училишен тим за интеграција; -Дневник за работа на стручните соработници; -Оперативен план за наставен час; -Записници од наставнички совет; -Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација;	почитување на правата на децата	запознавање на учениците со нивните права, а особено внимание се посветува во текот на првата седмица во месец Октомври, кога се одбележува „Недела на детето и детските права“, преку: ликовно изразување (во помалите одделенија), цртање со креди во боја во школскиот двор-ученици од прво одделение, свечен прием на првачињата во Детската организација со давање на заклетва, посета на образовна установа во непосредна близина на училиштето (детска градинка), украсување на училниците и паноата во училишниот хол со цртежи и изработки на тема детски права, дефиле со пароли во населбата каде е сместено училиштето, пуштање балони со испишани детски права, следење на презентации за детските права, согласно возраста на учениците од прво до деветто одделение, дискусии за детските права и обврските кои произлегуваат од нив со учениците од погорните одделенија, работилници преку програмата ОЖВ, презентација на Конвенцијата на правата на децата. Одбележувањето на „Неделата на детето и детските права“ завршува со музички хепенинг во училишниот хол, во кој учествуваат сите ученици. Во училиштето, ученичкиот правобранител ги промовира правата на децата преку едукативни - врснички работилници и обезбедува заштита за почитување на правата на сите ученици. Ученичкиот правобранител има двајца заменици. Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата, ги охрабруваат учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Училиштето, исто така организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата (презентации и работилници). Во училиштето со (Одлука бр. 0803-441/2 од 05.10.2023 е конституиран Ученички парламент преку кој учениците се целосно и навремено информирани за работи кои се од нивен интерес (приредби, базари, активности за одбележувања на значајни датуми, хуманитарни акции и сл.) Ученичкиот парламент им овозможува на учениците да учествуваат во решавање на проблеми и донесување одлуки, да учествуваат во проекти најчесто поврзани за создавање и одржување на безбедна училишна средина“, да предлагаат и спроведуваат активности за подобрување на условите за работа во училиштето. Прашалник за ученици: Од анкетирани 189 ученици Поголем број од учениците, 49,2% целосно се согласуваат со тврдењето дека кога имаат потреба од помош, можат да се

		обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник. Помал број, 41,8% од учениците се согласуваат со ова тврдење. Незначителен број ученици, 5,3% не се согласуваат со ова тврдење и 2,1% не знаат/немаат информација за истото. Поголем број од учениците, 43,3% целосно се согласуваат и 48,1% се согласуваат со тврдењето дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. Незначителен број ученици 2,6 % не се согласуваат, уште помал број 1,6% целосно не се согласуваат со истото тврдење, додека 5,3% од учениците не знаат/немаат информација како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. Прашалник за наставници: Од анкетирани 43 наставника поголем број од наставниците, 58,1% се согласуваат и мал број, 14% целосно се согласуваат со тврдењето дека реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата. Мал број од наставниците, 23,3% не се согласуваат, а 2,3 % целосно не се согласуваат со тврдењето и незначителен број наставници, 2,3% не знаат/немаат информација за истото тврдење. Прашалник за родители: Од анкетирани 216 родители се констатира дека Поголем број од родителите, 21,3% целосно се согласуваат и 43,5%, се согласуваат со тврдењето дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето. Незначителен број родители, 10,6% не се согласуваат со тврдењето, 5,1% целосно не се согласуваат и незначителен број родители, 16,2% не знаат/немаат информација за истото тврдење. Интервју со стручни соработници: Учениците најчесто се обраќаат на правобранителот и на неговите заменици за теми поврзани со правата на децата. Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки/жалби од учениците. Тој доставува претставки до психологот во нашето училиште, а потоа се постапува според пропишаната процедура. Училишниот правобранител и неговите заменици заедно со училишниот психолог, одржуваат редовни состаноци (еднаш месечно) за што се води евиденција-записници од страна на психологот во нашето училиште. Фокус група на родители: (8 родителa од V-IX одд. и од кои два родителa од Советот на родители):Училиштето редовно не вклучува во активности поврзани со правата на децата (се формираат таргет група родители од неколку паралелки). Заклучок:

		презентирани се правата на децата само на таргет групи родители. Се наметнува тенденција тие таргет групи да се прошират и активностите/презентациите за правата на децата да се организираат во рамките на секоја паралелка на родителските средби.
	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Училиштето се стреми да промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава. Училиштето води политика за промовирање на културната и верската разновидност во училиштето и пошироко. Учениците учат да ја почитуваат својата култура и традиција како и онаа на другите етнички заедници во РС. Македонија. Во училиштето е прифатен и се промовира мултикултурализмот преку соодветни проекти. Училиштето позитивно ја промовира различната етничка и верска припадност. Со учениците се организираат работилници на редовните часови, како и на одделенските часови. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата. Поголем број од учениците целосно се согласуваат или се согласуваат дека умеат да препознат нееднаков третман и знаат каде може да се обратат. По остварен разговор со службата утврдено е дека училиштето навремено реагира доколку некој ученик се пожали на нееднаков третман. Интервју со психологот: Доколку некој од учениците се пожали на нееднаков третман, психологот најпрво реализира индивидуални разговори со секоја од засегнатите страни. Доколку проблемот меѓу учениците не се реши, се повикува родител/старател, се разговара со давање насоки- совети за резрешување на конфликтот и се превземаат соодветни мерки согласно правилникот. Прашалник за ученици: Прашање 3.8: Од анкетираните 189 ученици, поголемиот број 41,3% целосно се согласуваат и 38,6% се согласуваат дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. Незначителен број 11,6% не се согласуваат и 3,7% целосно не се согласуваат и 4,8 % не знаат и немат информација дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. Прашање 3.9: Од анкетираните 189 ученици, поголем број 42,3% целосно се согласуваат, и 45% се согласуваат дека учениците имаат еднакви можности за

		учество во активностите во училиштето. Незначителен број 6,9% испитаници не се согласуваат и 1,6 % целосно не се согласуваат и 4,2 % од учениците не знаат или немаат информација дека имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето. Прашање 3.10: Од анкетираните 189 ученици, најголем број 48,1% целосно се согласуваат, 42,9 %од учениците се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици. Незначителен број само 5,3 % испитаници не се согласуваат, 1,6% од анкетираните ученици целосно не се согласуваат и 2,1% не знаат или немаат информација дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици. Прашалник за родители: Прашање 3.8: Поголем број 46,3% од родителите целосно се согласуваат, и 49,5%од испитаниците се согласуваат дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици. Незначителен број 1,9%анкетирани родители не се согласуваат и 0,9 % целосно не се согласуваат и 1,4 % не знаат или немаат информација дека нивното дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици. Прашање 3.9: Поголем број 42,1% испитаници целосно се согласуваат, и 46,8% од анкетираните родители се согласуваат дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици. Незначителен број 4,2% од родителите не се согласуваат и 2,8 % целосно не се согласуваат и 4,2 % од испитаниците не знаат или немаат информација дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици. Прашање 3.10: Поголем број 44,9% анкетирани родители целосно се согласуваат, и 47,7% се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго. Незначителен број 3,2% испитаници не се согласуваат и 2,8 % од анкетираните целосно не се согласуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго и 1,4% не знаат или немаат информација

		Прашање 3.11:Поголем број 30,6% од испитаните родители целосно се согласуваат и 50% анкетирани се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците. Незначителен број 8,3% не се согласуваат и 4,2 % целосно не се согласуваат и 12 % родители не знаат или немаат информација дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците. Во училиштето постои Правилник за запишување на ученици во прво одделение (училишна евиденција на документи под архивски број 0101). Според наведените критериуми во овој правилник се води сметка за подеднаква распределба на учениците во паралелките во однос на социјалната, економската и етничката структура на родителите на учениците. Во училиштето има изготвено акциски план за родова еднаквост, како и интерактивни работилници и дебати на тема за дискриминација во основното образование кои се реализираат во текот на целата учебна година. Училиштето во својата годишна програма има вклучено програма за еднаквост-интеграција на родова рамноправност во воспитно- образовниот процес (П-39). Во училиштето имаме ученици со различни психо-физички способности, како и ученици со пречки во развојот. Истите се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Постои УИТ- Училишен инклузивен тим, кој се состои од директор, педагог, психолог, дефектолог, 4 образовни асистенти, одделенски и предметни наставници кои одржуваат состаноци и го следат развојот и напредокот на учениците со посебни потреби. Кон овие ученици наставниците имаат индивидуален пристап и за нив се изготвуваат индивидуални образовни планови по сите училишни предмети. За сите ученици кои се со посебни образовни потреби стручната служба реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење. Со овие ученици и учениците кои имаат одредени потешкотии во учењето (11 ученика) дополнително се работи од страна на дефектологот во нашето училиште. Во училиштето се води евиденција на Записници од Наставнички совети кои тековно се заведуваат под соодветген деловоден број и се доставуваат на стручната служба во училиштето. Записници од Наставнички Совет:

		0801-16/1 од 13.01.2025 0801-16/2 од 14.01.2025 ..... 0801-16/15 од 27.08.2025 0801-16/18 од 25.11.2025 ..... 0801-16/1 од 13.01.2026 0801-16/2 од 28.01.2026 0801-16/3 0д 27.03.2026 0801-16/4 од 09.04.2026 Секоја година во месец Јуни во нашето училиште се избира ученик на генерацијата од редот на учениците од деветто одделение. Изборот го врши комисија формирана од страна на директорот. Процедурата за избор на ученик на генерација е строго утврдена и изборот се врши според критериумите содржани во „Правилникот за избор на ученик на генерацијата“. дел бр. 0803-518/1од 07.10.2019г.
Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Извештај за работата на училиштето; записници од советот на родители и родителски средби; статут на училиштето; интернет страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/ин ституции; извештаи од организирани акции,	Соработка на училиштето со родителите/ старателите	Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма најчесто во затворени групи на социјалните мрежи, но и јавните профили на социјалните мрежи како: - Официјална веб страница на училиштето е https://ooutosoarsov.edu.mk/. - Официјалниот Facebook профил https://www.facebook.com/toso2arsov - Официјален Instagram профил https://www.instagram.com/ou.toso.arsov.stip?igsh=bTJhM3Q1Z2JhbnJv На почетокот на секоја учебна година училиштето односно одделенскиот раководител ги информира родителите/стартелите за динамиката со која ќе се следи наставата односно календарот на работни денови за тековната учебна година кој до училиштето се доставува од страна на МТСП, наставниот план и програма за учебната година како и за други интерни акти кои се донесени во училиштето во соработка со родителите/старателите, а се добиваат преку анализа на записници од родителски состаноци или индивидуални средби со нив. Родителите/старателите исто така од

трибини, дебати, предавања со родителите/ста рателите и со претставницит е на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации, анкета и разговори со ученици, родители/старатели, наставници		страна на училиштето односно одделенските раководители се информираат и за излети, екскурзии, како и настава во природа кои со изготвената и одобрена програма од страна на БРО треба да се реализираат во текот на учебната година На почетокот на учебната година се делат и учебниците и се даваат изјави да се потпишат за примени учебници. Се информираат родителите за списанија и за осигурување на учениците. Доколку некој родител сака промена на член на Совет на родители, може да се направи промена за време на родителската средба.. Преку континуирано следење на е- дневникот родителите/стартелите се информираат за успехот и поведението на учениците, добиваат креирани евидентни листови кои откако ќе ги разгледаат ги потпишуваат и на тој начин се информираат за постигањата до тој период. Соработката меѓу училиштето и родителите/старателите претставува еден од најважните фактори за успешно воспитно-образовно дејствување. Училиштето не може да ја исполни својата мисија доколку не постои активна и континуирана комуникација со семејството, кое е првиот и најзначаен воспитен фактор во животот на детето (ученикот). Во текот на учебната година училиштето обезбедува редовна комуникација со родителите преку родителски средби, индивидуални консултации, електронска пошта и дигитални платформи. Оваа транспарентност овозможува родителите навремено да бидат информирани за напредокот, однесувањето и потребите на своите деца. Покрај тоа, училиштето поттикнува вклученост на родителите во наставни и воннаставни активности – од учество во проекти и културни настани, до поддршка во спортски и хуманитарни активности. Оваа практика ја зајакнува врската меѓу училиштето и семејството, создавајќи чувство на заедништво и заедничка одговорност за успехот на учениците. Особено значајна е поддршката што родителите ја обезбедуваат во домашни услови – преку следење на домашните задачи, поттикнување на редовно учење и развивање на позитивни навики. Училиштето ја препознава оваа улога и настојува да им даде насоки и совети на родителите за тоа како најдобро да им помогнат на своите деца. Соработката се заснова и на партнерство во донесувањето одлуки. Родителите се вклучени во работата на советот на родители и други тела, каде што имаат можност да дадат свои предлози и да учествуваат во креирањето на училиштната политика.

		Во насока на континуиран развој, училиштето организира обуки, работилници и советвања за родители, со цел да се подобрат нивните знаења и вештини во процесот на воспитување и поддршка на учениците. Родителите исто така учествуваат со донации. Соработката со родителите се остварува преку реализирањето на програмата за јавна и културна дејност, одбележување на позначајни датуми преку дефиле, велигденски и новогодишни базари и продажби. Соработката со родителите/старателите е динамичен процес кој бара постојано внимание и вложување. Самоевалуацијата треба да ни покаже дека училиштето има воспоставено стабилни механизми за комуникација, вклученост и партнерство, но секогаш постои простор за подобрување. Затоа, идните активности треба да бидат насочени кон продлабочување на довербата, зголемување на учеството на родителите и создавање уште посилна заедница која ќе го поддржува целосниот развој на учениците.Користејќи го примерокот на одредена група испитаници со кои преку директни контакти на родителски средби, индивидуални средби, телефонски разговори, неформални средби, интернет комуникација голем е процентот на родители кои сметаат дека соработката е на добро ниво и дека ваквото темпо на комуникација во голема мера ја засилува довербата на родителите/стартелите кон училиштето. Записници од Совет на родители: 0803-160/2 од 24.02.2025 година 0803-160/4 од 16.04.2025 година 0803-160/6 од 03.07.2025 година 0803-160/8 од 27.08.2025 година 0803-160/9 од 27.08.2025 година 0803-160/11 од 26.09.2025 година 0803-160/13 од 25.11.2025 година 0803-79/2 од 10.02.2026 година 0803-79/4 од 23.04.2026 година 0803-79/6 од 03.07.2026 година 0803-79/8 од 26.8.2026 г. Извештај за работа на училиштето:

		Полугодишен извештај 2024-2025г. дел. Бр. 0801-27/1 17.1.2025г. Годишен извештај 2024-2025г.дел.бр. 0801-453/1 27.8.2025г. Полугодишен извештај 2025-2026г.дел.бр.0801-54/1 28.1.2026г. Годишен извештај 2025-2026г.дел.бр. е во изработка Статут на училиштето е заведено со дел.бр.0101-670/1 24.12.2019г. ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ: Прашање 3.17. На прашањето дали учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите, добиени се следните резултати: Од анкетираните 43 наставници добиени се следните одговори: Целосно се согласувам 16 (37,2 %) Се согласувам 19 (44,2 %) Не се согласувам 5 (11,6 %) Целосно не се согласувам 0 (0%) Не знам/немам информација 3 (7 %) Од добиените одговори може да се забележи дека најголемиот дел од наставниците се согласуваат или целосно се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите. Ова ни укажува дека оваа подршка треба континуирано да ја зголемуваме за да добиеме училиште отворено и спремно за решавање на проблеми на сите чинители на образовниот процес. ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ 3.12. Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето Целосно се согласуваат 49 родители(22,7 %) се согласуваат 114 испитани родители (52,8 %),не се согласуваат 18 испитаници(8,3 %),-Целосно не се согласувам 9 родители (4,2 %), Не знам/немам информација 26 испитани родители (12 %) - На родителските средби се реализираат и разни предавања во зависност од потребата на паралелките. На ниво на училиште се реализираа презентации за Насилство во сите паралелки. Од увидот во документацијата е констатирано дека во Годишната програма за работа на училиштето има посебна програма П-35: Програма за соработка на училиштето со родителите/старателите со која работи Тим за

		соработка со родители. Училиштето има изготвено план за вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето, план за вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности, план за едукација на родителите/старателите. Согласно распоредот на часови на наставниците исто така постојат наставници кои се задолжени да изготват и посебен распоред за прием на родители/старатели, со цел навремена и постојана информираност на родителите/старателите. Родителите исто така учествуваат со донации. Соработката со родителите се остварува преку реализирањето на програмата за јавна и културна дејност, одбележување на позначајни датуми преку дефиле, велигденски базари и продажби. Родителите активно учествуваат во приредби и работилници по повод 8 Март, Нова година Велигденски базар и сл.
	Соработка со општината и со урбаната заедница	Основното училиште континуирано остварува квалитетна, партнерска и транспарентна соработка со општината и со урбаната заедница, која се реализира преку редовна комуникација, заедничко планирање и реализација на активности од заеднички интерес. Оваа соработка е насочена кон обезбедување поквалитетни услови за воспитно-образовна работа, подобрување на училишната инфраструктура, унапредување на безбедноста и создавање позитивна училишна клима. Општината, како основач на училиштето, обезбедува континуирана поддршка во реализацијата на Годишната програма за работа, одржувањето и модернизацијата на училишниот објект, уредувањето на училишниот двор, набавката на наставни средства, опрема и ИКТ-технологија, како и во создавањето услови за безбедно и современо учење. Во рамките на своите надлежности, општината учествува во планирањето и реализацијата на инфраструктурни зафати, подобрување на енергетската ефикасност, обезбедување пристапност за сите ученици и унапредување на условите за престој и работа во училиштето. Училиштето активно учествува во сите активности организирани од општината што се поврзани со образованието, културата, спортот, екологијата, здравствената заштита и безбедноста. Учениците и наставниците земаат учество во одбележување на значајни датуми, општински манифестации, натпревари, културни приредби, еколошки акции, хуманитарни активности и кампањи за подигање на јавната свест за општествено значајни прашања. Соработката со урбаната заедница се реализира преку различни активности во кои

		активно се вклучени учениците, наставниците и родителите. Се организираат еколошки акции за чистење и уредување на околината, активности за хортикултурно уредување на училишниот двор, волонтерски акции, хуманитарни базари, спортско-рекреативни и културни настани, како и активности за промоција на здрав живот, безбедно однесување во сообраќајот и заштита на животната средина. Училиштето воспоставува успешна соработка и со други институции и организации во локалната заедница, како што се јавните претпријатија, здравствените установи, Центарот за социјална работа, полицијата, противпожарната служба, библиотеките, музеите, културните институции, спортските клубови, невладините организации и други субјекти кои придонесуваат за реализација на воспитно-образовните цели. Преку оваа соработка се организираат предавања, работилници, едукативни кампањи, презентации и превентивни активности со кои се поттикнува личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците. Институции од областа на културата - Редовно се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествуваат голем дел од учениците и тоа: литературни и ликовни конкурси на општинско ниво, изложби, саеми на книга и сл. Се посетуваат институции од областа на културата во рамките на изведувањата на планирани излети, екскурзии и посети на културно-историски споменици и музеи предвидени со Програмата за изведување екскурзии. Како особена соработка со институции од областа на културата ќе ги издвоиме градска библиотека „Гоце Делчев“, Дом на култура „Ацо Шопов“ , Народен театар- Штип, „Дом на млади“. Институции од областа на образованието- Училиштето е во постојана соработка со повеќе образовни институции на државно и локално ниво. Училиштето остваува соработката со МОН и БРО и ги следи и спроведува најновите современи реформи, закони и прописи. Значајна и континуирана е соработката ЕЛС - Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината. Училиштето постојано ја продлабочува соработката со сите основни и средни училишта на ниво на општина, со универзитетот УГД „Гоце Делчев“- Штип како и Детските градинки. Спортски друштва - Училиштето е член на Сојуз на училишни спортови кој работи на државно ниво. Воннаставните активности од областа на спортот го задоволуваат организираниот спортски и рекреативен живот во училиштето. Здравствени организиации- Здравствените организации со кои ќе соработува училиштето заради грижа за

		здравјето и безбедноста на учениците и вработените се: ЈЗУ „Панче Караѓозов“ и Епидемиолошка служба - Штип. Медиуми-Училиштето редовно информира за резултатите што ги постигнува, за активностите кои ги реализира, за учествата и наградувањата, за напредокот. Промоцијата на училиштето се врши преку интерно информирање (информатори, родителско катче, соопштенија и сл.) и екстерно информирање (медиумско промовирање). Медиумски куќи преку кои училиштето електронски се промиовира се локалните М-нет, канал 77. Други организации и институции- „Црвен крст“- Штип, СВР-Штип. ЈП „Исар“- Штип ПЕ 51 Центар за социјални работи-Штип и др. Родителите и претставниците на урбаната заедница се вклучуваат во реализацијата на одделни училишни активности, проекти и манифестации, со што се зајакнува партнерскиот однос меѓу училиштето, семејството и локалната средина. Училиштето редовно ја информира јавноста за својата работа, постигнатите резултати и реализираните активности преку училишната веб-страница, социјалните мрежи, јавните настани, локалните медиуми и други форми на информирање. Врз основа на увидот во училишната документација, разговорите со директорот, наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната самоуправа, може да се констатира дека соработката со општината и со урбаната заедница е континуирана, добро организирана и насочена кон остварување на заедничките цели. Оваа соработка позитивно влијае врз подобрувањето на условите за работа, квалитетот на наставата, безбедноста на учениците, развојот на демократските вредности и промоцијата на училиштето како активен чинител во локалната заедница. Во наредниот период училиштето ќе продолжи да ја унапредува соработката со општината и со урбаната заедница преку иницирање нови партнерства, вклучување во заеднички проекти, аплицирање на повици за финансирање, како и преку поголемо учество на учениците, родителите и локалните институции во планирањето и реализацијата на активности од заеднички интерес. Целта е да се обезбедат уште поквалитетни услови за учење и развој на учениците и да се зајакне улогата на училиштето како отворена, инклузивна и општествено одговорна институција. Училиштето има изготвено и посебна програма за соработка со локална средина и локална заедница, како и програма за јавна и културна дејност на училиштето.
Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците		

Извори на податоци	Теми по индикатори	Информации кои се собрани
Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервју а со наставниците, стручните соработници, родителите/ста рателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/ста рателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; организирани трибини, дебати, предавања со	Превенција и заштита од насилство	Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е под наслов „Политика за заштита на деца“ донесен јуни 2024 и истиот е развиен и креиран со поддршка од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ на посебна работилница со група наставници од нашето училиште и претставник од Првата детска амбасада „Меѓаши“ се креираше политиката за заштита на децата согласно Упатството на МОН,во која јасно е дифинирано насилството и е објаснета политиката за заштита на децата при било која форма на насилство. Опфатен е Кодекс на однесување, а наведено е и контакт-лицето за политиката за заштита на децата во училиштето, а тоа е психолог Стефанија Горгиев. Во документот се рангирани видовите насилство согласно Упатството на МОН, и е дефинирана јасно постапката и протоколот за постапување во случај на насилство врз децата. Во документот се поместени и следниве Прилози: Прилог 7.1: Формулар за согласност - Употреба на информации и фотографии/видеа од деца. Прилог 7.2: Табели со категоризација на насилството. Прилог 7.3: Формулар за евиденција на насилството. Прилог 7.4: Формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот. Прилог 7.5: Мапа на институции. Политиката за заштита на деца е достапна за сите наставници, а за учениците и родителите е презентирана со почетокот на секоја нова учебна година. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Вработените целосно се запознати со политиката за постапување при насилство, а поголем број од наставниците спроведуваат активности во врска со спречување појава на насилство. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето стручните соработници водат записници за случки од врсничко насилство, но евидентирани се само случаи од прво ниво- помали физички пресметки, вербални навреди, сопки, омаловажувања и сл. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат, и по потреба се соработува со Центрите за социјални

учениците, родителите/ста рателите и со претставницит е на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионалн а ориентација.		работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. (Не е евидентиран таков случај кога имало потреба да се вклучат други институции). Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Се води сметка непристрасно и еднакво да се разгледува проблемот, а случајот се испитува целосно барајќи докази, сведоци, се водат разговори од страна на психолог со учениците. И со жртвата и со насилникот се постапува од аспект на сослушување, а не осудување за да може да се види коренот на проблемот. Се следи план за заштита на жртвата од насилство, а се влијае и на промена на однесувањето на сторителот. Се води сметка учениците да разговараат отворено, за тоа понекогаш во некои случаи е потребно повеќе време и повеќе разговори. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. Во случај на забележани повремени нетрпенија меѓу ученици, навремено класниот раководител во соработка со психологот реализираат работилници согласно проблемот во паралелката. Понекогаш проблемот се решава преку дискусија-работа со целата паралелка, а не само со 1 и 2 ученика кои го иницирале проблемот. Во зависност од проблемот првиот разговор со учениците жртви и насилници го води класниот раководител, за што по потреба ги вклучуваат и родителот/старателот по направена проценка дали со нив ќе разговара индивидуално или групно. По потреба се соочуваат учениците-учесници кога ќе се процени дека има можност за истото и нема никој да се чувствува повредено/навредено. Во дел од случаите се вклучува стручната служба, педагог и психолог, а по потреба родителите/старателите и учениците разговараат и со директорот на училиштето. По преземените активности, насилството се намалува меѓу тие ученици, но и понатаму се следи состојбата меѓу учесниците (се следи на подолг период), а нема евидентирано насилство од второ и трето ниво. Училиштето спроведува активности, работилници и проекти: - За булинг и насилство Ученичкиот парламент учествуваше во работилници од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ и изработија катче во училиштето. „Потсетување за добро однесување“ со пораки за ненасилно однесување и “Стоп за булингот и меѓуврсничкото насилство”.

		- Училишен проект „Недела на безбедност“, финансиран од МОН. Во јануари 2026 година, на почетокот од второто полугодие, на нашето училиште му беше доделен грант за реализација на програми насочени кон заштита на учениците во учебната 2025/2026 година. Поддржаните активности се фокусирани на превенција од врсничко насилство и дискриминација, како и спречување на злоупотреба на алкохол, дрога и игри на среќа. Целта е да се зајакне безбедноста и инклузивноста во училишната средина. - На 11.3.2025 година, со ученици од VI и VII одделение се одржаа три работилници на тема „Насилно - ненасилно однесување“. - По реализираната обука за „Спречување и борба против трговија со деца“ од страна на БРО, училиштето доби Прирачник според кој работи. Наставниот кадар исто така континуирано се усовршува и посетува индивидуални обуки за разрешување конфликти и справување со предизвикувачко однесува кај учениците. Дел од годишната програма е и П-26: План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација и трговија со луѓе. Прашалник за наставници: Прашање 3.6 - Од вкупно анкетирани 43 наставници, поголем дел 21 (48,8 %) испитаник одговориле дека целосно се согласуваат дека со учениците спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, со ова прашање се согласуваат 19 испитаници (44,2 %), мал број испитаници 2 (4,7 %) не се согласуваат, целосно не се согласува 1 наставник (2,3 %), 0 испитаници (0%) не знаат/немаат информација или не спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. Прашање 3.7 - Од вкупно анкетирани 43 наставници, 16 наставници (37,2 %) целосно се согласуваат дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство, се согласуваат 10 испитаници (23,3 %), не се согласуваат 5 испитаника (11,6 %), мал број испитаници 2 (4,7 %) целосно не се согласуваат, 10 наставници (23,3 %) не знаат или немаат информација дали во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство. Прашалник за родители: Прашање 3.13 - Од вкупно анкетитани 216 родители, 64 родители (29,6 %) одговориле дека целосно се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во

		случаи на насилство, поголем број испитаници 101 (46,8 %) се согласуваат дека се запознаени, не се согласуваат 14 испитаници (6,5 %), целосно не се согласуваат 4 родители (1,9 %), 33 од испитаните родители (15,3 %) не знаат/немаат информација или не се запознати со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство. Прашање 3.14 - На прашалникот одговориле 216 родители. 59 испитаници (27,3 %) целосно се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, поголем број анкетирани родители 99 (45,8 %) се согласуваат, 12 од анкетираните (5,6 %) не се согласуваат, целосно не се согласуваат 4 испитаници (1,9 %), 42 родители (19,4 %) не знаат или немаат информација дали во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. Прашање 3.15 - На прашалникот одговориле 216 родители. 46 родители (21,3 %) целосно се согласуваат дека училиштето добро се справува при појава на насилство, половина од испитаниците 108 (50 %) се согласуваат со ова прашање, не се согласуваат 15 од анкетираните родители (6,9 %), целосно не се согласуваат 9 испитаници (4,2 %), 38 родители (17,6 %) не знаат или немаат информација дали училиштето добро се справува при појава на насилство. Прашалник за ученици: Прашање 3.16 - На прашалникот одговориле 189 ученици. Повеќе од половина ученици 96 (50,8 %) одговориле дека целосно се согласуваат дека знаат како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето, со ова мислење се согласуваат 76 испитаници (40,2 %), не се согласуваат 4 ученици (2,1 %), мал број ученици 3 (1,6 %) целосно не се согласуваат, 10 од анкетираните ученици (5,3 %) не знаат или немаат информација како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето. Прашање 3.17 - На прашалникот одговориле 189 ученици. 83 (43,9 %) целосно се согласуваат дека во училиштето се работи на решавање конфликти и спречување насилство, се согласуваат 78 испитаници (41,3 %), 12 ученици (6,3 %) не се согласуваат со ова мислење, 6 (3,2 %) од анкетираните ученици целосно не се согласуваат, 10 ученици (5,3 %) не знаат или немаат информација дали училиштето работи на решавање конфликти и спречување насилство.

		Интервју, прашалник за директор: Прашалник 3.9 (3) - На прашањето, што презема училиштето за превенција и заштита од насилство, директорот одговори дека за превенција и заштита од насилство се спроведуваат едукативни активности, советодавна работа и јасни процедури за постапување во ризични ситуации. Ефектите се позитивни и се согледуваат преку намалување на случаи на насилство и дискриминација, поголема свесност кај учениците, подобра училишна клима и зголемено учество на учениците од ранливи категории. Поплаките од ученици и родители се сведени на минимум, што укажува на успешно спроведени превентивни мерки
	Заштита од пушење, алкохол и дрога	Пушењето, дрогата и алкохолот се строго забранети во училиштето, училниците, канцеларииите, тоалетите и училишниот двор. Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана на пушење, но нема поставени знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето постојано се реализираат активности и предавања за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Во рамки на часовите на одделенските заедници се реализираат содржини за заштита од наркотични средства, алкохол и цигари од ОЖВ програмата. Во јануари 2026 година, ООУ ,,Тошо Арсов" е меѓу избраните 19 основни училишта кои добија значаен грант од Министерството за образование и наука за реализација на програми насочени кон заштита на учениците во учебната 2025/2026 година. Средствата ќе се искористат за реализирање важни програми за спречување на дискриминација и програми за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци. Прашалник за наставници: Прашање 3.16 - Од вкупно 43 анкетирани наставници, 20 или (46,5 %) целосно се согласуваат дека учествуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога, 13 испитаници (30,2 %) се согласуваат со ова мислење, не се согласуваат 5 наставници (11,6 %), мал број испитаници 2 (4,7 %) целосно не се согласуваат со ова мислење, 3 од анкетираните наставници (7 %) не знаат/немаат информација или не учествуваат во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога. Прашалник за родители:

		Прашање 3.16 - Од вкупно 216 анкетирани родители, 63 испитаници (29,2 %) целосно се согласуваат дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога, поголем број анкетирани родители 100 (46,3 %) се согласуваат со ова мислење, не се согласуваат 8 родители (3,7 %), мал број испитаници целосно не се согласуваат 2 (0,9 %), 43 (19,9 %) родители кои се анкетирани не знаат или немаат информација дали во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога. Прашалник за ученици: Прашање 3.18 - Од вкупно 189 анкетирани ученици, 59 испитаници (31,2 %) целосно се согласуваат дека учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, со ова мислење се согласуваат 71 ученик или (37,6 %), не се согласуваат 29 анкетирани ученици или (15,3 %), целосно не се согласуваат 10 испитани ученици или (5,3 %), 20 ученици (10,6 %) не знаат или немаат информација дека треба да учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Интервју, прашалник за директор: Прашање 3.8 - На прашањето, колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење, алкохол и дрога и како ги проценувате ефектите, испитаникот одговори дека во училиштето редовно се реализираат едукативни работилници, предавања и превентивни активности поврзани со заштита од пушење, алкохол, дрога и други ризични однесувања. Активностите се организираат во соработка со стручната служба, здравствени установи, полиција и други релевантни институции. Ефектите се оценуваат како позитивни, бидејќи кај учениците се подигнува свеста за штетноста од зависностите, се поттикнуваат здрави животни навики и се намалува ризикот од несоодветни однесувања.
	Квалитет на достапна храна	Училиштето во договор со родителите/старателите, за учениците може да организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училиштето. Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето со претходно подготвено мени. Од направеното интервју со економот на училиштето Тоше Гоговски, утврдивме дека при јавен повик за избор на најдобар понудувач на храна во училиштето секогаш е

		пријавена само една фирма и изборот паѓа на таа фирма, со што не се отвораат повеќе можности за избор и поразновидна опција. Понудата, месечниот надоместок и менито редовно им се доставувани на родителите/старателите. Поради тоа што бројот на пријавени ученици за храна секој месец опаѓа и се сведува на минимум, во текот на учебната 2025/2026 година, од второто полугодие училиштето ја прекинува организираната исхрана на учениците. Родителите/старателите сами ја набавуваат и организираат исхраната на учениците и тие одговараат за квалитетот на таа храна. ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗБОР НА ПОНУДУВАЧ НА ХРАНА Додека училиштето имаше организирана исхрана за учениците, исхраната ја доставуваше операторот „Ребус“ кој работи по HASSAP систем по добиено барање од Агенција за храна и ветеринарство за квалитетот на храната. Договорот „Ужинка на учениците во учебната 2025/2026 година” е со арх. бр. 0307-523/1 од 26.09.2025 година и има важност до 31.05.2026 година. ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД САНИТАРНА ИНСПЕКЦИЈА Санитарен преглед е извршен на 28.01.2026 година од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Штип. ВОДЕЊЕ КАМПАЊА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА: Промовирањето на здрава храна се реализира преку интегрирање на Еко содржини во редовната настава како и Образование за животни вештини. Еко активност: Се организира заеднички здрав оброк за секое одделение, изработка на флаери, постери, литературни творби за здрава храна. Во активностите за здрава храна преку еко одборот, учествуваат сите паралеки и наставници, декорираат здрави ужинки и ги споделуваат со соучениците. Еко-активности по повод 16 октомври - Светски ден на здрава храна. Во овие активности учествуваат и родителите, заедно со учениците подготвуваат здрав оброк. (Полугодишен и годишен извештај 2024/2025 г. и 2025/2026 г.) Според добиените резултати од фокус групи на родители и ученици, поголем број од учениците и родителите се согласуваат дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана. На прашањето дали во училиштето се води кампања за здрава исхрана, фокус групите одговориле: Фокус група на родители (8 родители на ученици од V-IX одделение, од кои 2 родителa

		од Советот на родители). 7 или (87,5 %) родители се согласуваат дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана, само 1 или (12,5 %) родител не е информиран дека во училиштето се води кампања за здрава храна. Фокус група на ученици испитани се по 5 ученика од V-IX одделение. Од испитаните ученици, поголемиот број ученици се согласуваат дека во училиштето се води кампања за здрава исхрана, само мал број на ученици не се информирани дека во училиштето се води кампања за здрава храна.
	Хигиена и заштита од болести	Хигиената во училиштето е на потребното ниво, односно ги задоволува пропишаните стандарди. Училиштето секојдневно воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат хигиената во просториите во кои претстојуваат.Со одржување на различни предавања и учество во разни проектни активности воспитно се делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена, редовно да користат заштитни средства, дезинфекциони средства и да носат заштитни маски доколку има потреба. Учениците и вработените се грижат и ја одржуваат хигиена во просториите. Подот во училниците, ходниците и тоалетите се чистат секојдневно. Пред почетокот на наставата, по големиот одмор и по заминувањето на учениците. Инвентарот, вратите и прозорците во училишниот простор се чистат по двапати во секое полугодие. Санитарните јазли за учениците и наставниците секојдневно се чистат, дезинфицираат и проветруваат после секој одмор, додека ходниците и скалите се чистат најмалку четири пати во денот (после големиот одмор и по завршување на часовите). Подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена, а останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот. Училиштето двапати годишно врши ДДЗ-дезинфекција, дезинсекција и дератизација (во август пред почетокот на првото полугодие и јануари пред почеток на второто полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Секојдневно се одржува хигиената во училишниот двор од страна на на помошно-техничкиот персонал. Се уредуваат, косат и вадат тревните површини. Се спроведуваат еколошки акции за чистење на дворот со цел подигање на еколошката свест кај ученците (најмалку еднаш годишно преку еко-програмата и со редовно вклучување во еколошки акции организирани од Општината или на државно ниво. Со реализација на Еко програми се засадуваат дрвја и цвеќиња, со што се збогатува хортикултурното уредување. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во

		ходниците има корпи за отпадоци, а пред училишната влезна ограда има два големи контејнера. Хигиеничарите според утврден распоред на работните задачи вршат контрола на секоја пауза помеѓу часовите и се проверува хигиената во училниците, ходниците и тоалетите во училиштето. Училиштето нема програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. За вработените секоја година се реализира санитарен преглед (28.01.2026 год.) и редовен систематски преглед по објавен јавен повик (11.12.2025 год.) Учениците во соработка со центарот за јавно здравје се носат на систематски прегледи според утврдени распореди согласно возраста на учениците и Календарот за имунизација покрај систематските прегледи се реализираат и стоматолошки редовни проверки на забите на ученците. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање на прва помош. Дел од наставниците (18 наставника) посетија обука за прва помош (Обука прва помош-13.10.2021 год. од Црвен Крст- Штип, а сите наставници ја имаат поминато обуката за заштита при работа 3.11.2021 год. Прашалник за родители: Прашање 3.17- од вкупно 241 анкетирани родители, поголем број се согласуваат 36 испитаници – 16,7 % дека хигиената во училиштето е на високо ниво и целосно се согласуваат 131 испитаници – 60,6% дека хигиената во училиштето е на високо ниво. Мал број не се согласуваат 26 испитаници – 4,12%, целосно не се согласуваат 14 испитаници – 6,5%, немаат информација 9 испитаници – 4,2%. Прашалник за ученици: Прашање 3.19 – од вкупно 189 анкетирани ученици, 49 испитаници- 25,9% целосно се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно, 74 испитаници – 39,2% се согласуваат дека училиштето е чисто и уредно. Незначителен број 42 испитаници – 22.2% не се согласуваат, 16 испитаници – 8,5% целосно не се согласуваат, додека 8 испитаници- 4,2% немаат информација.
	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат и хидрантите се функционални. За грижа и за безбедноста на учениците и училиштето од опожарување постојат 9 ПП апарати (5 во централната зграда, 4 во ПУ Македонка и ПУ Почивало-1). Училиштето има склучен договор за одржување и сервисирање на противпожарни апарати со Безбедност комерц ДОО-Штип ул. Гоце Делчев 123

		рег.бр.овл СГИ08-8/2.-Воочување на поставени и редовно сервисирани ПП апарати 17.12.2025. Во случај на невреме и удар од гром, на училиштето има поставено громобран од неговата изградба и до сега нема проблем во неговото функционирање. Од евентуални напади за заштита на ученици во училиштето има одделен простор-скривница. Во случај на елементарна непогода во училиштето има 4 функционални излези. Училиштето има стратегија и план за евакуација кој е дел од Годишната програма за работа. Планот за евакуација како скица е истакнат на видно место во училиштето. Со стратегијата е предвидена и една симулација која е реализирана. (Извештај од извршена симулација 2021, 2022, 2023, 2024 , 2025 и 2026). Програмата за евакуција и заштита е дел од годишната програма. Во училиштето се спроведе и обука на вработените за заштита од пожар организирана од општина Штип и Против пожарната единица од Штип. Сите наставници ја поминаа обуката за заштита и безбедност при работа. Училиштето заради безбедност и превентива обезбедува осигурување на учениците. Од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ кој беше реализиран минатата година (2025 год.) од добиените средства од проектот во ученичката иницијатива учениците издвоија средства за 2 безбедносни камери за влезот на училиштето за поголема безбедност во училиштето. Се уште не е реализирана поради обилната документација за нивно поставување (и е во процедура). Училиштето исто така оваа година 2025 г. поднесе апликација за учество во проект „Недела на безбедност“, од МОН. Учество зедоа наставници од одделенска настава и предметна настава. Училиштето има изработено елаборат за поголема безбедност каде јасно се потенцирани процедурите за постапување во случај на кризни состојби, елементарни непогоди и друга опасност. ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ: Прашање-Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете. Од вкупно 216 анкетирани родители, целосно се согласувам одговориле 59 испитаници(27,3%), се согласувам од 99 родители (45,8 %) , не се согласувам одговориле12 испитаници (5,6 %) целосно не се согласувам се изјасниле 4анкетирани родители (1,9 %), не знам/немам информација одговориле 42 родители(19,4 %) ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ: Прашање-Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно**.** Од вкупно 189 анкетирани

		ученици, целосно се согласувам одговориле 51 ученик (27 %), целосно не се согласувам се изјасниле 9 ученици(4,8 %) Не знам/немам информација одговориле 6 анкетирани ученици (3,2 %) Со се согласувам одговориле 109 испитаници(57,7 %) и не се согласувам се изјасниле 14 родители (7,4 %),
	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Училиштето е препознатливо по реализација на хуманитарни акции. Училиштето ги идентификува учениците од социјално загрозени семејства и обезбедува материјални средства за учениците и спроведува хуманирни акции (само во една учебна спроведени хуманитарни акции според потебите на учениците за социјално ранливите семејства, за новогодишни подароци, за училишен прибор, неколку за локални стории) активности и донации. Во училиштето се организираат наменски донации (донации на храна, облека, парични средства и попусти за еднодневни излети и екскурзии за учениците од социјално загрозени семејства, многудетни семејства, самохрани родители). Интервју со директор и стручна служба – Прашање 3.10 Училиштето презема различни мерки за поддршка на учениците од социјално-загрозени семејства со цел да им се обезбедат еднакви можности за образование. Се овозможува материјална, едукативна и психо-социјална поддршка во зависност од потребите. Поддршката вклучува вклучување во бесплатни активности, обезбедување учебни помагала и материјали преку донации, како и соработка со локалната заедница, хуманитарни организации и институции. Стручната служба континуирано ја следи состојбата и навремено реагира со соодветна помош и насочување. Наставниците исто така индивидуално и групно обезбедуваат облека и разни потребни средства за учениците од социјално загрозените семејства. ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ Прашање 40 Според добиените резултати од анкетниот прашалник. Поголем број од наставниците целосно се согласуваат дека различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучуваме 60 во училишните активности (Од 43 испитаници/наставници) целосно се согласувам 13 (30,2 %), се согласувам 27 (62,8 %) ,не се согласувам 2 (4,7 %), целосно не се согласувам, 0 (0%) не знам/немам информација 1 (2,3 %).
	Грижа за учениците со здравствени	ИНТЕРВЈУ со директор и стручна служба-Прашање 3.11 Училиштето обезбедува континуитет во образованието на учениците кои подолго отсуствуваат поради

	проблеми	здравствени причини преку индивидуален пристап и прилагодени форми на работа. Во соработка со наставниците и родителите се организира дополнителна поддршка, со цел учениците да ги надоместат пропуштените содржини. По потреба се изготвуваат индивидуални планови за работа, се обезбедуваат материјали за учење и се реализира дополнителна или домашна настава. Наставниците одржуваат редовна комуникација со родителите за следење на напредокот и успешна реинтеграција на ученикот во редовната настава. Во договор со наставниците училиштето ја организира бараната настава. Досега училиштето на барање на родителите има реализирано on line настава за учениците со здравствени проблеми доколку подолго време отсуствуваат од настава (примери: посериозни скршеници, продолжени сипаници, оперции). Училиштето обебедува и пишани материјали за учениците по барање на родителите и реализација на дополнителна настава од страна на наставниците во соработка со родителите/старателите. Дури за отсуства од 1-2 недели наставниците им нудат помош на учениците во совладување на наставните содржини. Реализирана е обука на тема „Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови“ Обуката ја организираше: САНО – Здружение за подобро здравство, образование и социјална грижа во соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. . На обуката присуствуваа наставници кои подоцна со дисеминацијата се овозможи споделување на стекнатите компетенции и примена на соодветни практики за успешно реализирање на асинхрона настава.
	Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците	Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо емоционалните тешкотии кај учениците. Интервју со стручна служба Прашање 3.12 добиени се следниве заклучоци: Во соработка со настваниците, психологот и педагогот ги следат учениците во текот на целата учебна година и работат на социо- емоционалната добросостојба на учениците преку превенција, одржување и спречување на влошување на оваа состојба. Во училиштето редовно се работи со децата кои се од семејства со нарушени односи, децата со намалена самодоверба, деца со емоционални проблеми, социјализација, разрешување на конфликти, како и деца со пречки во развојот и потешкотии во учењето. Се препознаваат учениците со поголеми потешкотии се упатуваат до

		релевантните институции. Во училиштето се работи индивидуално со овие ученици, како и во групи или со цело одделение, преку спроведување на разговори , советување и работилници. Стручните соработници се обучени да ги упатат учениците/ родителите до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн) за што психологот посети работилница од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ на која се разработи Политика за заштита на децата на ниво на училиште каде психологот и група наставници ја креираа политиката со надворешно стручно лице и ги опфатија сите локални институции/ центри/ установи со адреса и број за брза реакција. Во годишната програма во рамки на Акциониот план на училишниот тим за инклузија се работи на подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП. А како дел од годишната програма се и: · -Програма за работа со ученици со емоционални проблеми · -Програма за работа со ученици со специфичи тешкотии во учењето. Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење. ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ Според добиените резултати од анкетниот прашалник за родители Прашање 43 од анкетирани 216 родител. Поголем број од родителите се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете: 49 испитани родители (22,7 %) се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете, а 114 родители (52,8 %) целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете ·Незначителен број 18 испитаници(8,3 %) не се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете, 9 анкетирани родители (4,2 %) целосно не се согласуваат дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете, 26 родители (12 %)не се информирани дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете. ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ Според добиените резултати од анкетниот прашалник за наставници Прашање 45 од анкетирани 43 наставника поголемиот број се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите. 26 анкетиран наставника (60,5 %) се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на

		проблемите, а 15 наставници (34,9 %) целосно се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите. Незначителен број, 1испитаник (2,3 %)не се согласуваат дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите, а 1 наставник (2,3 %) не се информирани дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите. ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ: Од анкетирани 189 ученици (Прашање 42 од анкетниот прашалник) според добиените резултати · Поголем број од учениците 80 ученици (43,3 %)целосно се согласуваат дека можат слободно да барат совет и подршка од педагогот и психологот во училиштето, а 91 ученик (48,1 %) се согласуваат дека можат слободно да барат совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето. · Незначителен број, 5 ученика (2,6 %)не се согласуваат дека можат слободно да барат совет и подршка од педагогот и психологот во училиштето, 3 од испитаните ученици (1.6 %) целосно не се согласуваат, а 10 испитани ученици (5,3 %) не се информирани дека можат слободно да барат совет и подршка од педагогот и психологот во училиштето.
	Давање помош при изборот за продолжување на образованието	Интервју со директор и стручна служба Прашање 3.13 Училиштето овозможува презентации на средните училишта пред нашите ученици. Училишето презентира успешни примери од наши ученици кои го продолжиле своето образование. Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците со која работи писхологот и реализира активности со учениците од осмо и деветто одделение. Оваа програма е дел од годишната програма на училиштето, П-25. Училиштето користи промотивни материјали/постери од образовните институции за можностите за уписи во средните училишта и професионална ориентација на учениците, помалку спроведува спостveни активности за професинална ориентација на учениците. Материјалите и постерите ги истакнува на видно место на влезот од училиштето за информацијата да стигне до сите ученици. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат, преку усни соопштенија. Нашите полуматуранти на отворениот ден на средните училишта во соработка со стручната служба и родителите се насочуваат за правилен избор на понатамошното нивното образование. ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ- Прашање 44 Од анкетирани 216 родител од

		прашалникот за родители. Поголем број од родителите се согласуваат дека училиштето дава информации и подршка при избор на понатамошното образование на учениците. · Од нив 64 (29,6 %) од родителите се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. А 101 родител (46,8 %) целосно се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. · Незначителен број 14 испитани родители (6,5 %) не се согласуваат дека училиштето дава информации и подршка при избор на понатамошното образование на учениците. 4 родители (1,9 %) целосно не се согласуваати, незначителен број 33 испитаници (15,3 %) не се информирани дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето
Училиштето континуирано реализираше активности насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, создавање безбедна, позитивна и поттикнувачка училишна средина и поддршка на целокупниот развој на учениците. Посебно внимание беше посветено на развивањето на позитивна училишна клима, меѓусебното почитување, соработката, толеранцијата и одговорноста на сите учесници во воспитно-образовниот процес. Во таа насока се применуваат интерни акти и процедури за регулирање на однесувањето, дисциплината, изостаноците, педагошките мерки и заштитата на учениците. Училиштето има воспоставено и механизми за превенција и постапување во случаи на насилство и заштита на детските права. Континуирано се реализираат активности за ученичко учество и активирање на ученичкиот потенцијал преку Ученичкиот парламент, ученички иницијативи, работилници, проекти, хуманитарни, еколошки, спортски и културни активности. Реализираните активности придонесуваат за развивање на иницијативноста, одговорноста, комуникациските вештини и учеството на учениците во донесувањето одлуки и подобрувањето на училишната средина. Во областа на инклузијата се обезбедува поддршка за учениците со посебни образовни потреби и за учениците кои имаат потешкотии во учењето, преку индивидуален пристап, работа со стручната служба и активности за социо-емоционална поддршка. Во годишната програма се предвидени активности за работа со ученици со емоционални проблеми и специфични тешкотии во учењето.

Училиштето континуирано работи на соработката со родителите преку родителски средби, индивидуални консултации, електронска комуникација и информирање за напредокот и потребите на учениците. Истовремено, се создаваат можности родителите да бидат вклучени во активности од значење за училишниот живот.

Во насока на афирмација на учениците и училиштето воспоставен е систем за промовирање на ученичките постигања преку пофалби, награди, избор на ученик на генерацијата, учество на натпревари, конкурси, јавни настапи, проекти и други активности. Училиштето ги промовира постигањата и преку своите дигитални канали и социјалните мрежи.
Од спроведените анкети и интервјуа со ученици, родители и наставници произлегува дека во училиштето во најголем дел се препознава позитивна и безбедна средина, добра соработка и почитување на учениците. Сепак, резултатите укажуваат и на области во кои е потребно континуирано унапредување, особено во поголемото информирање и вклучување на родителите, доследното следење на одредени аспекти од училишниот живот и понатамошното јакнење на механизмите за превенција и справување со појави на насилство и конфликти.
Генерално, реализираните активности покажуваат дека училиштето има воспоставени механизми и практики за поддршка на учениците, развивање позитивна училишна клима, заштита на правата на децата, инклузивност и активно учество на учениците. Во наредниот период потребно е постојните практики да се надградуваат преку систематско следење на нивните ефекти, поголема информираност и вклученост на сите засегнати страни и насочување на активностите кон конкретно утврдени потреби.

Силни страни

- Училиштето има web страница, facebook профил, instagram профил кои континуирано се ажурираат и промовираат активности и постигања на училиштето.
- Училиштето има Кодекс за однесување на сите структури кој редовно се ревидира и дополнува од сите засегнати страни.
- Нашето училиште има „Фондацијата Љупчо и Тошо Арсови“ кој распишува конкурси на општинско ниво и финансира награди за учениците и нивните ментори со што се постигнува стимулативна средина.
- Ученичкиот правобранител ги промовира правата на децата и има двајца заменици.
- Ученичкиот парламент се вклучува во проекти за да ја подобри својата работа и предлага ученички иницијативи
- Средината за учење ги мотивира учениците и поголем број истакнуваат дека сакаат да одат на училиште, а родителите во поголем број го потврдуваат истото.
- Реализација на хуманитарни акции според потребите на ученици/родители од социјално загрозени семејства
- Еднакви можности за учество во различните активности на часовите за сите ученици (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање).
- Училиштето има воспоставена процедура според која согласно потребите на учениците училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.

- Училиштето има Политика за заштита на децата, со јасно утврдена процедура за постапување во случај на било која форма на насилство.
- Во училиштето редовно се води кампања за здрава храна од Еко-програмата.
- Училиштето континуирано се грижи за учениците со емоционални потешкотии, здравствени проблеми и социјално загрозени семејства.

Слаби страни

- Кодексот за однесување на сите структури се презентира на засегнатите страни, сепак се чувствува потреба почесто презентирање и почитување на кодескот на однесување на родителите и учениците.
- Политиката за заштита на деца е достапна за сите наставници, а за учениците и родителите треба да биде почесто презентирана.
- Иако училиштето работи на заемно почитување меѓу учениците, навременото пријавување на меѓусебни навреди, првокации не е Целосно препознаено од сите ученици и се појавува потреба од поголема кампања за охрабрување на ученците навремено да пријавуваат меѓусебни навреди, провокации (преку истакнување делови од Политиката за заштита на децата 2024)
- Учениците членови на Ученичкиот парламент се поканууваат да присуствуваат на состаноци на Училишен одбор и на работата на другите стручни тела во училиштето, но учениците не присуствуваат на истите.
- Потреба од поголема активност и мотивираност на Ученичкиот парламент во предлагање иницијативи и учество во работата на училиштето.
- Недоволно систематско следење и евидентирање на предлозите, забелешките и иницијативите дадени од учениците и родителите.
- Недоволно развиени активности за јакнење на свеста кај учениците и родителите за безбедно и одговорно однесување на интернет и за препознавање на сајбер-насилството.
- Потреба од почести превентивни активности и работилници за спречување на врсничко насилство, конфликти, навреди и провокации од стручни лица и институции.
- Недоволно развиени активности за психосоцијална поддршка и јакнење на социјалните и емоционалните вештини кај учениците.
- Правата и обврските на децата се презентираат на таргет групи родители, но се наметнува тенденција тие таргет групи да се прошират и активностите/презентациите за правата на децата да се прошират на ниво на училиште (на родителски средби)
- Училиштето нема Програма за превенција од заразни болести.
- Поголема хигиена во училиштето.
- Едукација за здрави животни навики, правилна исхрана и превенција од заразни заболувања во предметна настава.
- Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана на пушење, но нема поставени знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.
- Иако училиштето има добра соработка со родителите, недостига пишана документација за прифатени и реализирани идеи од

родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.

- Училиштето користи промотивни материјали/постери од образовните институции за можностите за уписи во средните училишта и професионална ориентација на учениците, но помалку спроведува сопствени активности за професинална ориентација на учениците.
- Потреба од одговорно лице за прием на странки, времетраење на час и времетраење на одмори.

Приоритети

- Зајакнување на безбедноста и превенцијата од неприфатливо однесување, преку активности за спречување на врсничко насилство, дискриминација, употреба на алкохол и наркотични супстанции, како и воспоставување јасен механизам за пријавување и постапување.
- Унапредување на информираноста и превентивното делување за безбедност и заштита на учениците, преку работилници, едукативни активности, тематски денови, информативни табли, постери и други соодветни материјали.
- Зајакнување на ученичкото учество во училишниот живот, преку редовно консултирање на Ученичкиот парламент, вклучување на ученичките предлози во планирањето и следење на нивната реализација со повратна информација до учениците.
- Зголемување на учеството на родителите и следење на нивното задоволство од училишната средина, преку анкети, предлози, фокус-групи и редовно информирање за преземените активности.
- Подобрување на условите и квалитетот на училишната средина, со посебен акцент на безбедноста, хигиената, исхраната, редовното следење на состојбата и навременото отстранување на недостатоците.
- Унапредување на кариерното информирање и професионалната ориентација на учениците, преку средби со претставници од различни професии и средни училишта.


Самоевалуација на ООУ „Тошо Арсов“ – Штип Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики


Индикатори за подрачјето:
4.1 Управување и раководење со училиштето
4.2 Цели и креирање на училишна политика

Собирање податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
-Програма за работа на училишниот одбор; -Деловник за работа на училишниот одбор; -Статут на училиштето; -Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); -Развојна програма на училиштето; -Програма за работа на директорот; -Програми за професионален развој; -Докази за учество и	Управување со училиштето	Училишниот одбор како орган за управување е конституиран во согласност со законската регулатива. Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот. Членовите на УО се со легитимен мандат. Претседателот на Училишниот одбор е претставник од редот на родителите избран со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на гласање. Претставниците од наставниците училишниот одбор се избирани на Наставничкиот совет. Претставниците на родителите се избирани од Советот на родителите. На седниците на училишниот одбор, се поканууваат и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент, но учениците ретко посетуваат состаноци. Состаноците на УО се добро организирани, ченовите уредно и навремено се поканууваат и секогаш се обезбедува потребното мнозиствоза работа. За одржаните состаноци се водат записници и секогашсе обебедува потребното мнозинство за работа.

дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); -Интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; -Распоред и процедури за користење на просторот и материјлите воучилиштето; -Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации). -Активности и програма за работа на училишната библиотека		Училишниот одбор работи во насока на подиобрувае и унапредување на работата на училиштето, донесува одлуки, дава мислења, разгледува и усвојува финансиски планови и извештаи, годишни програми и извештаи. Одлуките УО ги донесува едногласно. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа со дел. бр.0201-26/3 од 14.1.2012 и Одлука на УО за усвојување на Деловникот за работа со дел. бр.0201/26-2 од 13.1.2012 год. Работата на училишниот одбор е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Согласно интевјуто со директорот и со членови на училишен одбор: Соработката помеѓу директорот и Училишниот одбор се одвива континуирано, професионално и партнерски. Училишниот одбор активно учествува во донесувањето одлуки поврзани со развојот на училиштето, усвојувањето на програмските и финансиските документи, како и следењето на реализацијата на планираните активности. Директорот редовно ги информира членовите на одборот за тековните состојби, предизвиците и постигнувањата, а одлуките се носат транспарентно и во интерес на учениците и училиштето. УО на предлог на директорот формира потребни тимови и комисии за работа (Стучен тим за изработка на Програма за ексурзии и излети, Тимови за изработка на Годишна програма, Тимови за спроведување на Самоевалуација и Развоен план, Тимови за попис и сл.) Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Претседателот на УО при кооптирање на нови членови делумно ги запознава со Деловникот за работа, но ги известува детално за активностите. Дел од членовите се запознати со деловникот за работа. УО работи по Програма за работа на УО која е дел од Годишната програма за работа на училиштето и УО секоја нова учебна година ја разгледува и усвојува истата. Сите членови активно учествуваат во работата на УО. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето: • Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на училиштето учебна 2024/2025 со дел бе. 0201-454/2 од 27.8.2025;

		• Предлог Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на училиштето учебна 2025/2026 со дел. бр. 0201-401/2 од 3.7.2025 и • Записник од седница на УО со дел.бр. 0201-401/1 од 3.7.2025; • Записник од седница на УО од 5.7.2024 со точка на дневен ред за разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето учебна 2024/2025; • Одлука за усвојување на Годишен извештај за екскурзии со дел бр. 0201-343/3 од 5.7.2024. • Одлука за усвојување на Годишен извештај за екскурзии со дел бр. 0201-401/3; • Извештај од Самоевалуација 2022-2024 со дел. бр. 0803-391/1 од 30.8.2024 На седниците на УО детално се презентираат и разгледуваат сите предвидени документи од дневниот ред и се доставуваат материјали до членовите. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Донесени одлуки и предлози од УО: • Одлука за утврдување благајнички максимум за 2024 со дел. бр. 0201-87/1 од 19.2.2024 • Предлог за усвојување на годишна сметка за финансово работење за календарска 2025 со дел бр. 0201-86/3 од 19.2.2024; • Одлука за усвојување Годишен план за јавни набавки со дел. бр. 0204-36/1 од 26.1.2024; • Одлука за усвојување на буџет за 2026 г од 5. 12.2025 г. со дел.бр. 0201-661/2; • Проширување на План за јавни набавки 2025 во дел стоки и услуги, дел бр. 0201-607/1 од 20.11.2025 и Дополнување на Годишен пплан за јавни набавки со дел бр. 0201-607/2 од 20.11.2025 • Одлука за касов максимум 2025 со дел. бр. 0201-124/1 од 27.2.2025 (касов максимум од 15.000 ден.) • Предлог одлука за усвојување на годишна сметка за финансово работење на училиштето за 2025 со дел. бр. 0201-123/3 од 27.2.2025

		Според интервју со директорот: Буџетските информации се разгледуваат и усвојуваат на седници на Училишниот одбор и се презентираат преку финансиски извештаи. Според направените анкети: Од вкупно 191 анктиран родител поголем број од родителите (44%) се согласуваат дека УО транспарентно ги објавуваат сите донесени одлуки, 27,7% од родителите целосно се согласуваат, не се согласуваат 14,1%, целосно не се согласуваат незначителен број родители и 11,5% од родителите немаат информација/не знаат дали УО транспарентно ги објавува одлуките. Од вкупно 191 анктиран родител мал број од родителите (22%) се согласуваат дека се запознати како се троши буџетот на училиштето, уште помал број родители 11,5% целосно се согласуваат, не се согласуваат 22,5%, целосно не се согласуваат незначителен број родители и најголем број на родители (38,7%) немаат информација/не знаат како се троши буџетот на училиштето.  Од вкупно 161 анктирани ученици поголем број од учениците (41,6%) се согласуваат дека се информирани за активностите што ги планира училиштето за следен период, 27,3% од учениците целосно се согласуваат, не се согласуваат 9,3%, целосно не се согласуваат незначителен број ученици и дел

		од учениците (19,3%) немаат информација/не знаат за активностите што ги планира училиштето за следен период. 4.1. Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. 161 responses  Од вкупно 38 анктирани наставници дел (31,6%) се согласуваат дека се запознати како се троши буџетот, мал дел 10,5% од наставниците целосно се согласуваат, не се согласуваат најголем број од анкетираните наставници 44,7%, целосно не се согласуваат 10,5% од наставниците и немаат информација/не знаат незначителен број наставници 4.9 Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето 38 responses 


	Раководење со училиштето	Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Согласно интервјуто со директорот: Визија на директорот е училиштето да биде современа, инклузивна и безбедна образовна средина која ќе поттикнува квалитетно образование, креативност, дигитални компетенции, професионален развој на наставниците и активно учество на учениците и родителите во училишниот живот. Со визијата се запознати сите чинители во училишниот живот и сите се вклучени во заедничко донесување одлуки. Од вкупно 38 анктирани наставници најголем број (63,2%) се согласуваат дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образованиот кадар, учениците и родителите при донесување одлуки, 23,7% од наставниците целосно се согласуваат, не се согласуваат, целосно не се согласуваат или незнаат незначителен број наставници.  Директорот работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Соработката со сите чиннители е континуирана и заснована на заемна комуникација и размена на идеи. Сите чинители имаат можност активно да придонесат во процесите на планирање и унапредување на квалитетот.

		Согласно интервјуто со директорот: Процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето се реализира преку тимска и партиципативна работа, со вклучување на сите релевантни чинители. Политиките и развојните приоритети се утврдуваат врз основа на анализи, самовреднување, резултати од следења и реалните потреби на училиштето. Во процесот на развојно планирање учествуваат директорот, наставниците, стручната служба, учениците, родителите, Училишниот одбор и претставници од локалната заедница. Тимовите се формираат согласно компетенциите, професионалното искуство, интересите и афинитетите на вработените. Се води сметка за застапеност на различни профили и обезбедување ефикасна соработка во процесот на планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието директорот ги следи и имплементира на ниво на училиште. Контонуирано ги следи новите концепти и современите текови во образованието. Се имплементираат новодонесените законски одредби и на Наставнички совет, Совет на родители и на учениците (преку одд.раководители) им се презентираат новодонесени правилници од МОН. Наставниот кадар редовно се информира за сите новини, законски измени и современи образовни практики и преку интерни состаноци, официјална електронска комуникација, интерни обуки и дисеминации. Дополнително, тимски се изготвуваат планови и насоки за имплементација на новините во воспитно-образовниот процес. Директорот континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. За следење користи индикатори за успех, евалуациски листи и интерни анализи за следење на реализацијата на Развојната програма и се подготвуваат извештаи. Според проценките, приоритетите во најголем дел се реализираат квалитетно и согласно планираната динамика, со континуирано следење и подобрување. Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот реализира повеќе активности во соработка со локалната самоуправа, институции, компании и граѓански организации. Тоа вклучува едукативни работилници во соработка со СВР-МВР Штип, Здравен дом, Општина Штип, потоа разни хуманитарни акции,

		еколошки активности, културни настани на ниво на општина, предавања, проекти и заеднички иницијативи за поддршка на учениците и училиштето. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Директорот склучува меморандуми за соработка со разни интитуции и оргазниации за реализација на проекти. Директорот активно го вклучува училиштето во различни регионални и меѓународни мрежи и проекти со цел размена на искуства, унапредување на наставниот процес и јакнење на компетенциите на наставниците и учениците. Учеството се реализира преку обуки, партнерства, проекти и соработка со други училишта и организации, како што се eTwinning, здруженија на наставници и други образовни иницијативи. Според интервју со директорот: Ресурсите во училиштето се користат рационално и согласно приоритетите и потребите на наставниот процес. Просторните капацитети и наставните средства се распределуваат со цел да се обезбедат оптимални услови за работа. Предизвиците најчесто се однесуваат на ограничени финансиски средства, потреба од модернизација на опремата и обезбедување дополнителни наставни материјали. Истите се надминуваат преку добро планирање, аплицирање на проекти, соработка со локалната самоуправа и поддршка од партнери и донатори. Потребите за потрошен материјал се планираат на почетокот на учебната година и континуирано се следат во текот на наставниот процес. Училиштето обезбедува од потребните материјали согласно финансиските можности и буџетот. А според анкетирани 38 наставника се следат следниве резулати:

4.3 Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности

38 responses




<u>Според интервју со директорот:</u>

Во планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности родителите се вклучуваат во ограничен обем, најчесто при реализација на одредени активности, проекти или креативни работилници. Предизвиците се поврзани со финансиските ограничувања и навремената набавка, а се надминуваат преку рационално користење на средствата и навремено планирање. Предизвиците најчесто се поврзани со недостиг на кадар за одредени наставни предмети, ограничен број стручни соработници и административните процедури при вработување. Училиштето настојува навремено да ги следи потребите, да соработува со надлежните институции и да обезбеди квалитетен кадар кој ќе придонесе за унапредување на воспитно-образовниот процес.


Професионалниот развој се реализира континуирано преку учество на обуки, семинари, вебинари, интерни работилници и размена на добри практики. Наставниците се охрабруваат активно да се вклучуваат во различни форми на стручно усовршување. Кариерното напредување се спроведува согласно законските прописи и критериумите утврдени од надлежните институции, преку евидентирање на професионалниот ангажман, постигнувањата и компетенциите на наставниците. Училиштето применува различни форми на мотивирање и признание за наставниците кои покажуваат дополнителен ангажман. Тоа се реализира преку јавни пофалби, доделување благодарници, истакнување на

		успешни практики на наставнички совети, вклучување во проекти и поддршка за професионален развој и кариерно напредување. <u>Но според анкетирани 38 наставници се следат следниве резулати:</u> 

		4.8 Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците 38 responses  <u>Според интервју со директорот:</u> Квалитетот на реализација на наставата се следи систематски и континуирано, а следењето го врши Директорот, стручната служба, како и менторите кои ја следат реализацијата на наставата. Следењето се реализира преку планирани и континуирани посети на часови, увид во педагошката документација и редовни состаноци. По следењето се дава конструктивна повратна информација, насоки и препораки за унапредување на наставниот процес. Наставниците ги вградуваат препораките во понатамошното планирање и реализација на наставата, а процесот повторно се следи за да се утврди напредокот. <u>А според анкетирани 38 наставника се следат следниве резултати:</u>


4.5 Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие

38 responses



4.6 За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација

38 responses



<u>Според интервју со директорот:</u>

Информирањето во училиштето е транспарентно, сите информации се споделуваат транспарентно преку состаноци, извештаи, презентации, социјалните мрежи, родителски средби и состаноци на училишните органи. Резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма редовно се презентираат пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор, Советот на родители и останатите засегнати страни.

	Управување и раководење со ресурси	Воспитно-образовната дејност училиштето ООУ „Тошо Арсов" - Штип ја реализира во една модерна училишна зграда од цврста градба во Штип, со вкупна површина од 3771 м2, изградена во 1977 година. Училишната зграда има приземје и спрат, и подрумски простории, и има 5 влеза во училиштето. Училишниот простор целосно ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Во состав на училиштето се и две подрачни училишта, во населба Македонка (објект од цврста градба со вкупна површина од 485 м2 изграден во 1953 година, а реновиран во 2014 година) и во село Почивало(објект од цврста градба со вкупна површина од 43 м2 изграден во 1983 година). Во централното училиште постои двосменско реализирање на наставата и тоа: одделенска настава во една смена(прва смена), а предметна настава во друга смена(втора смена). Во двете подрачни училишта наставата се изведува во една смена (прва), а наставата која се реализира во подрачното училиште во село Почивало е на турски јазик. Наставата во централното училиште се реализира во 3 училници и 21 кабинети. Кабинетите ги задоволуваат стандардите за изведување на кабинетска настава (чешми, нагледни средства, инвентар, помошна просторија и сл.). Во зградата на централното училиште има 1 наставничка канцеларија, 6 канцеларии за административната и педагошката служба, и повеќе мали простории по одделенија. Има 1 библиотека (за одделенска и за предметна настава) и 1 медијатека опремена со техники помагала. 69 санитарните јазли кои ги користат вработените и учениците се добри. Училишниот двор е голем, со 12792 м2 вкупна површина, хортикултурно е уреден и има 1 летна училница. Дворот е целосно ограден. Во состав на училиштето има голема спортска сала за учениците од одделенска и предметна настава, со површина од 800 м2 и истата ги задоволува стандардите за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование. Во задниот дел се наогаат 2 надворешни игралишта (кошарка и фудбал) со вкупна површина од 210 м2. Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради континуирана набавка, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците, за дополнителна

		набавка на: компјутери, смарт-табли, смарт телевизори, ЛЦД-проектори, принтери, спортски реквизити, макети, модели, историски карти, музички инструменти, фонотека, списанија, лектири, енциклопедии, образовни софтвери за нормално функционирање на воспитно- образовниот процес и др. Учењето и наставата се збогатени преку користењето на добар обем на ИКТ опрема во училиштето. Во училиштето бројот на компјутери во кабинет по информатика ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата по информатика. Во моментот училиштето располага со 10 ЛЦД проектори, 6 смарт табли, 3 ДВД и 1 дијапроектор, 30 компјутери, 14 лаптопи, 10 телевизори,1 флип камера, 9 касетофони, 2 графоскопи, 7 магнетни табли, 2 интерактивни табли, 1 проектно платно и др. Сензорната соба располага со голем број дидактички материјали и асестивна технологија за децата со посебни потреби. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Од вкупно 38 наставници, поголем дел (57,9% или 22 наставници) не се согласуваат дека училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, (18,4% или 7 наставници) целосно не се согласуваат, (13,2% или 5 од анкетираните наставници)се согласуваат и само (10,5% или 4 од анкетираните наставници) целосно се согалсуваат со ова тврдење. Библиотеката во ООУ „Тошо Арсов”- Штип претставува библиотечен - информативен центар кој постојано собира, стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал на учениците и наставниот кадар. Библиотеката нуди можност за максимално користење на книжните фондови со кои располага, пристап до информаци, а со тоа и подобруваење на културниот и социјалниот живот на учениците и наставниот кадар. Книгите се позајмуваат во рок од 15 дена и може да позајми секој кој што работи или посетува настава при ООУ „Тошо Арсов“ - Штип. Овој рок може да се продолжи по барање на наставникот или ученикот. Корисниците на списанија се пријавуваат во библиотеката, од каде добиваат и уплатници за истите. Реден број, библиотечен фонд со кој располага училишната библиотека е 15478; одделенска и предметна

		настава / лектири 4612; светска литература,поезија,проза 500; стручна литература за наставници,прирачници 56; вкупно наслови 5009. Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од 14 книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Од Бирото за развој на образованието - БРО се добиени 224 броеви на материјали од Новата Концепција за учениците од прво до трето одделение од дадена тема кои стојат на располагање во училишната библиотека. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарките. Библиотечниот фонд се води електронски и во целост ги задоволува потребите на училиштето. Училиштето во село Почивало располага со мал книжевен фонд на детски изданија на турски јазик. Целокупното училиште има пристап до стабилен Интернет. Од вкупно 191 анкетиран родител/старател,поголем (58,6% или 112 родители) целосно се согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици, (34,6 % или 66 родители) се согласуваат, (4,7% или 9 од анкетираните родители) се изјасниле дека немаат информација за тоа, а само незначителни (2,1% или 4 родители) целосно не се согласуваат и се изјасниле дека истата не е достапна за сите ученици.
	Раководење со кадарот	Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно - образовен кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Наставниот процес го реализираат вкупно 59 наставници од кои 4 се магистри. Има еден несоодветен наставник и тоа по предметот физика. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар како замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставен кадар. Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на

		воспитнообразовниот процес. Работата е потпомогната, надополнета и олеснета со 1 образовен медијатор, 1 специјален едукатор рехабилитатор, 4 образовни асистенти, педагог и психолог. Во училиштето има еден наставник со звање наставник ментор. Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Во училиштето постои Тим за професионален и кариерен развој, кој ја изготвува Програмата за професионален развој на наставниците врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците и потребите на училиштето. Наставниците од одделенска настава ја имаат следено обуката за Новата Концепцијата за основно образование. Наставниците од предметна настава постепено ги следат обуките за Новата Концепција за основно образование и истите ги имплементираат во наставата. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. 59 наставници и 4 стручни соработници имаат Лична професионална програма и професионални досиеја.
	Следење и унапредување на наставниот процес	Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.
Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Развојна програма на училиштето; -Годишна програма за работа на училиштето; - Извештај од самоевалуација; - План за следење и евалуација	Процедури за креирање на училишната политика	Во училиштето постојат утврдени процедури за креирање, донесување и следење на училишната политика. Процесот се реализира транспарентно и со вклучување на сите релевантни фактори: наставници, стручна служба, ученици, родители и органите на управување. Креирањето на училишната политика се темели на:

за реализацијата на акциските планови; -Анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници наставниците, родителите, учениците;-Записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; -Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; -Деловник за работа на училишниот одбор; -Буџет и финансиски план на училиштето.		• законските и подзаконските акти; • развојните цели на училиштето; • резултатите од самоевалуацијата; • потребите на учениците и локалната заедница; • анализи, анкети и предлози од вработените и родителите. Процедури што се применуваат: • Прибирање мислења и предлози преку анкети, состаноци, работилници и дискусии. • Давање одредени предлози и мерки од страна на стручните активи и тимови и разгледување на истите на Наставнички совет и од страна на стручната служба. • Учество на Училишниот одбор и директорот во нивно усвојување и имплементација. • Транспарентно и јавно презентирање на сите засегнати страни. • Следење на реализацијата и ефектите преку интерни анализи и евалуации. • Вклучување на родителите во креирањето на училишната политика. • Обезбедување на нагледни средства за реализација на наставата. • Потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за едукација на наставници и стимулација на ученици што учествувале на натпревари и проекти од натпреварувачки карактер.
	Резултати од развојно планирање	Во училиштето континуирано се следат резултатите од развојното планирање и се собираат информации кои помагаат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Преку различни анализи, разговори и евалуации, училиштето ги согледува потребите на учениците и наставниците и планира активности за понатамошен развој. Во процесот активно се вклучени наставниците, стручната служба, родителите и учениците, со цел да се обезбедат подобри услови за работа и поквалитетна настава. Развојното планирање се заснова на: • резултатите од самоевалуацијата на училиштето; • потребите и интересите на учениците и наставниците; • анализите од спроведените активности и проекти;

		• поставените приоритети и развојни цели; • предлозите и мислењата од наставниците, родителите и стручната служба. Процедури што се применуваат: • собирање информации преку анкети, разговори и состаноци; • анализа на постигнатите резултати и реализираните активности; • изработка на планови и активности за подобрување на работата; • следење на реализацијата од страна на наставниците и стручната служба; • разгледување на резултатите на состаноци; • вклучување на учениците и родителите во развојното планирање; • континуирана евалуација и преземање мерки за унапредување на наставниот процес.
	Планирање и управување со училишниот буџет	Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето. Училиштето има две сметки - буџетска и сопствена сметка. Минимални приходи на сопствената сметка се остваруваат од издавање под закуп на училишната спортска сала, коешто е регулирано согласно закон. Училиштето остварува средства и од донации од USAID,Фондација за развој на локалната заедница и сл Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот. Во врска со јавните набавки во училиштето има училишна комисија за јавни набавки од мала вредност. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. Јавни набавки со поголема вредност на училиштето се реализираат преку општина Штип.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето
Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и има легитимен мандат. Работи транспарентно, согласно Деловникот за работа и Програмата за работа, со редовно одржување седници, обезбедено кворумско работење и водење записници. Членовите активно учествуваат во разгледувањето и усвојувањето на програмските, финансиските и развојните документи на училиштето. УО остварува континуирана и партнерска соработка со директорот и другите училишни структури, а одлуките се носат транспарентно и во интерес на училиштето и учениците. Раководниот орган има јасна визија за развој на училиштето и применува тимски и партиципативен пристап во планирањето, креирањето политики и обезбедувањето квалитет. Во процесите се вклучени наставниците, стручната служба, учениците, родителите, УО и локалната заедница. Развојното планирање се темели на резултатите од самоевалуацијата, анализите, потребите и поставените развојни приоритети. Реализацијата на развојната програма континуирано се следи преку акциски планови, индикатори и извештаи. Училиштето активно соработува со локалната самоуправа, институции, компании и граѓански организации и е вклучено во регионални и меѓународни проекти и мрежи. Новините и измените во образованието се следат и се пренесуваат до вработените и другите чинители преку состаноци, обуки, дисеминации и електронска комуникација. Ресурсите и просторните капацитети во најголем дел ги задоволуваат потребите за реализација на наставата и воннаставните активности. Училиштето располага со современа ИКТ опрема, спортска сала, уреден училишен двор, библиотека, медијатека и сензорна соба со асистивна технологија. Библиотечниот фонд е богат и достапен за учениците и наставниците, а библиотеката работи согласно утврден распоред и законската регулатива. Воспитно-образовниот процес го реализира квалификуван наставен кадар, поддржан од стручната служба, образовен медијатор, специјален едукатор-рехабилитатор и образовни асистенти. Постои Тим за професионален и кариерен развој, а наставниците имаат лични професионални програми и професионални досиеја. Професионалниот развој се реализира преку обуки, семинари, вебинари, интерни работилници и размена на добри практики. Квалитетот на наставата се следи континуирано преку посети на часови, увид во документацијата и давање повратна информација. Информирањето во училиштето се реализира преку различни канали и генерално е транспарентно. Сепак, резултатите од анкетите укажуваат на потреба од подобрување на информирањето за трошењето на буџетот и донесените одлуки, особено кај родителите и наставниците. Исто така, се забележува потреба од подобро планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал, бидејќи значителен дел од наставниците не се задоволни со постојната состојба.

Финансиското работење е планирано и транспарентно, со разгледување и усвојување на финансиските планови и извештаи од страна на УО. Училиштето располага со буџетска и сопствена сметка, а дополнителни средства обезбедува преку законски дозволени активности, донации и проекти. Јавните набавки се реализираат согласно утврдените процедури.

Училиштето има воспоставени функционални механизми за управување, планирање, следење и обезбедување квалитет, развиена соработка со различни чинители и соодветни просторни и материјални ресурси. Како области за понатамошно унапредување се издвојуваат поголемото учество на учениците во работата на УО, подобро информирање за финансиското работење и донесените одлуки, како и навремено обезбедување на потребниот потрошен материјал.

Силни страни

- Квалификуван и стручен наставен кадар – училиштето има обезбедено доволен број наставници, а дел од кадарот има и повисоки квалификации.
- Поддршка за учениците – работата е олеснета со специјален едукатор/рехабилитатор, 4 образовни асистенти, педагог и психолог и образовен медијатор. .
- Постои тим за професионален и кариерен развој и се изготвуваат програми за професионален развој
- Управувањето и раководењето со училиштето е според законските норми.
- „Училиштето располага со современи, функционални и соодветно опремени просторни и материјално-технички услови за реализација на квалитетен воспитно-образовен процес, со добро опремени кабинети, библиотека, медијатека, спортски капацитети, уреден училишен двор , при што континуирано се планира и унапредува набавката на потребните ресурси.“
- Континуиран професионален развој на наставниците преку обуки, семинари, вебинари, интерни работилници и размена на добри практики.
- Наставниците се мотивираат за стручно усовршување и активно се поттикнува нивното професионално напредување.
- Постои систем за следење и вреднување на професионалниот ангажман, постигнувањата и компетенциите на наставниците.
- Училиштето настојува навремено да ги идентификува потребите за кадар и соработува со надлежните институции
- Сензорна соба за учениците со посебни образовни потреби.
- Целото училиште е покриено со стабилна интернет врска.

Слаби страни

- При подолги отсуства на наставници постапката за обезбедување замена зависи од одобрение/мислење од основачот, што може да го отежне навременото обезбедување замена.
- Потреба од дополнителна и современа опрема и нееднакви просторни услови меѓу централното и подрачните училишта.
- Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.
- Училишниот одбор не го следи трошењето на буџетот квартално, туку еднаш во годината или по потреба при
- проширување на планот за јавни набавки.

- Најголем број на родители (38,7%) немаат информација/не знаат како се троши буџетот на училиштето
- Мал број од родителите се согласни дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.
- Поголем дел од наставниците (57,9%) се изјасниле дека училиштето не планира и навремено не обезбедува потрошен
- материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
- Мал дел од родителите и учениците се изјаснија дека не се информирани за активностите кои училиштето ги
- планира за следниот период.
- Недостиг на кадар за одредени наставни предмети.
- Фискултурната сала не ги задоволува стандардите во зимски услови.

Приоритети

- Професионален развој и усовршување на наставниот кадар;
- Обезбедување соодветен и квалификуван наставен кадар;
- Осовременување на материјално-техничката и ИКТ опременост на училиштето.
- Обезбедување доволен и соодветно квалификуван наставен и стручен кадар.
- Навремено планирање и обезбедување на потребните материјални ресурси.
- Поголема вклученост на родителите и продолжување на континуираниот професионален развој на наставниците.
- Потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за едукација на наставници и стимулација на ученици што учествувале на натпревари и проекти од натпреварувачки карактер
- Развивање стратегија за оддавање признанија на наставниците.
- Квартално следење на трошењето на буџетот од страна на УО.
- Запознавање на сите чинители во училиштето и родителите за тоа како се троши буџетот, преку информирање за достапноста на завршната сметка на веб страницата на училиштето.
- Поголема ажурност од страна на УО за навремено и транспарентно информирање на сите чинители во
- училиштето и родителите за донесените одлуки.
- Планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
- Адекватно и навремено информирање на родителите и учениците за идните активности на училиштето.
- Мотивирање на наставниците за вклучување во соработка на меѓународни проекти и училишни мрежи.
- Поставување систем за адекватно загревање на фискултурната сала

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

Анкета за родители/старатели
Анкета за наставници
Анкета за ученици
Интервјуа со директор/стручна служба
Резиме од фокус групи
Наоди од други видови набљудувања

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за период од 2024 до 2026 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“161/2019 и 229/20 година) Општинското основно училиште ООУ „Тошо Арсов“-Штип, Штип изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2 година. Самоевалуација на работата на училиштето за периодот од 2024 до 2026 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 26.1.2026 година формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Стручен соработник - педагог	Наташа Максимова
Стручен соработник - Психолог	Стефанија Горгиев
Одделенски наставник	Елена Камчева
Предметен наставник	Јулијана Сулева
Родител	Марија Крстев

Само евалуацијата беше спроведена во периодот март - август 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

ТИМОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА 2024-2026

ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ			
број	индикатори	теми	Координатор на работна група: Виолета Арсовска
1.1	1.1 ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ	2	Ванге Манева Марија Денков Лилјана Георгиева Тодорка Гошева Филип Николовски Даниела Иванова Елизабета Чичевска Тамара Миладинова
1.2	1.2 НАСТАВЕН ПРОЦЕС	6	
1.3	1.3 ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО	2	
1.4	1.4 ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВАТА	4	
1.5	1.5 ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И НАТПРЕВАРИ	4	
ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ			
број	индикатори	теми	Координатор на работна група: Наташа Павлова
2.1	2.1 ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ	4	Катерина Христова Ивана Костадинова Наташа Ефтимова Мартин Лапевски Фросина Радева Верица Николова
2.2	2.2 МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА	3	
ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО			
број	индикатори	теми	Координатор на работна група: Зорица Манева
3.1	УЧИЛИШНА КЛИМА	5	Ефимија Донева Емилија Јанева Љупка Ивановска Игор Христовски Маре Трпчева Викторија Поповска Ристе Наумов
3.2	ЕДНАКВОСТ И ПРАВ0ИЧНОСТ	2	
3.3	ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СО ЗАЕДНИЦАТА	2	
3.4	СЕВКУПНА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ	9	
ПОДРАЧЈЕ 4:УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ, И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ			

број	индикатори	теми	Координатор на работна група: Наташа Денкова
4.1	УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО	5	Сунчица Ташкова Роберт Лазаров Изабела Јованова Данче Филиповска Магдалена Ангелески Снежана Хилјадникова Петровска
4.2	ЦЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА	3	

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 26.8.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето континуирано обезбедува поддршка на наставниците за унапредување на наставниот процес и професионалниот развој преку обуки, семинари, дисеминација на стекнатите знаења, работа на проекти и меѓусебна размена на добри практики. Наставниците планираат во електронска форма, согласно наставните планови и програми, а директорот и стручната служба континуирано го следат квалитетот на планирањата и даваат препораки за нивно унапредување. Посебна поддршка се обезбедува и за наставниците-приправници преку менторирање и советување. Наставниците активно соработуваат во рамките на стручните активи, разменуваат искуства и идеи и применуваат современи методи, техники, ресурси и различни форми на работа. Наставата се реализира согласно наставниот план, предвидената динамика и распоредот во е-дневникот, а во случаи на отсуство на наставник се обезбедува непречено одвивање на наставата. Учениците имаат можност за активно учество преку проекти, истражувања, дебати, работа во парови и групи, што придонесува за развивање на критичко мислење, самостојност, комуникациски и социјални вештини. Во училиштето се обезбедува инклузивна поддршка за учениците со посебни образовни потреби преку инклузивни тимови, индивидуализиран пристап и соработка меѓу наставниците, стручната служба, образовните асистенти и родителите. Сепак, потребно е дополнително јакнење на капацитетите за работа со ученици со ПОП, подобрување на соработката со образовните асистенти, навремено препознавање на потребите за поддршка и поголема вклученост на овие ученици во воннаставните активности. Потребно е и подобрување на физичката пристапност до сите делови од училиштето и адаптирање на санитарните простории. Училиштето применува различни форми и инструменти за оценување, при што се застапени формативното и сумативното оценување. Учениците и родителите навремено се информираат за критериумите и очекуваните постигања, а учениците добиваат континуирана повратна информација и насоки за подобрување. Резултатите од оценувањето се анализираат и се користат за понатамошно планирање и приспособување на наставата, како и за обезбедување дополнителна поддршка за учениците со потешкотии и дополнителни предизвици за учениците со повисоки постигања. Како слабост се издвојува тоа што училиштето нема интерен правилник за оценување. Во училиштето се реализираат разновидни слободни изборни и воннаставни активности, согласно интересите и потребите на учениците и расположливите кадровски и организациски услови. Учениците се вклучуваат во секции, клубови, проекти, ученички иницијативи, акции, натпревари и други активности. Особено значајно е учеството во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, преку кој се зајакнати ученичкото учество, иницијативноста и одговорноста. Училиштето настојува учениците да бидат активно вклучени во изборот и планирањето на воннаставните активности преку анкети, разговори и други форми на непосредна комуникација. Сепак, резултатите од анкетите укажуваат на потреба од подобро информирање на учениците и родителите за понудените активности и од зголемување на нивното учество во нивното креирање. Се реализираат и активности за интеркултурна интеграција, преку кои учениците соработуваат и се дружат со ученици од други култури и наставни јазици. Училиштето создава безбедна, инклузивна, интеркултурна и поттикнувачка средина, со активности за превенција од насилство, развивање ненасилна комуникација, меѓусебно почитување и позитивна училишна клима. Наставниците ги мотивираат и поддржуваат учениците за учество на натпревари, проекти, културни, спортски и други манифестации.

Учениците добиваат менторска поддршка и остваруваат резултати на различни нивоа, што придонесува за развој на нивните знаења, способности, креативност, самодоверба и афирмација на училиштето. Училиштето располага со воспоставени механизми за планирање, реализација, следење и унапредување на наставниот процес. Како приоритети за понатамошно унапредување се издвојуваат: јакнење на компетенциите на наставниците за инклузивна настава, подобрување на соработката со образовните асистенти, зголемување на ученичкото учество во креирањето на воннаставните активности, подобро информирање за можностите за вклучување и унапредување на физичката пристапност на училиштето.

Силни страни

- Училиштето обезбедува поддршка за наставниците со цел поуспешно планирање, подготовка и осовременување на наставниот процес.
- Наставниците применуваат различни стратегии и методи на поучување кои се усогласени со образовните потреби, можности и стилови на учење на учениците.
- Различните наставни ресурси се користат функционално и соодветно, во насока на примена на современи и иновативни пристапи во наставата.
- Училиштето обезбедува еднаков третман и еднакви можности за сите ученици, без оглед на нивната етничка припадност и културно потекло.
- Наставниците активно придонесуваат за создавање позитивна атмосфера во која се надминуваат стереотипите, предрасудите и различните видови дискриминација.
- Во училиштето функционира Училишен инклузивен тим кој придонесува за унапредување на инклузивноста во образовниот процес.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, пријатна, стимулативна и мотивирачка средина за учење и развој.
- Наставниците ги поттикнуваат учениците да размислуваат самостојно и критички, да поставуваат прашања, да истражуваат и самостојно да донесуваат заклучоци.
- Наставниците ги охрабруваат учениците преку позитивни и афирмативни коментари за нивниот труд, ангажман и постигнувања.
- Училиштето на систематски начин ги препознава и следи образовните потреби на учениците и презема соодветни мерки и активности за нивно задоволување.
- Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности кои ги следат интересите и потребите на учениците и придонесуваат за нивниот личен, социјален и целокупен развој.

Слаби страни

- Наставниците соработуваат во рамките на стручните активи при планирањето на наставата, но соработката во делот на непосредната реализација на наставата е недоволна.
- Постои потреба од дополнително информирање и запознавање на наставниците со улогата, начинот на работа и соработката со образовните асистенти.

- Пристапноста за лицата со физичка попреченост е обезбедена само на првиот кат од училишната зграда, што укажува на потреба од дополнително унапредување на пристапноста.
- Потребно е подобрување на информираноста и вклученоста на родителите во активностите на училиштето кои ги поврзуваат учениците од различни култури.
- Училиштето има потреба од дополнително опремување со современи наставни средства и дигитални алатки, како што се смарт табли и дигитални уреди за учениците

Приоритети

- Зајакнување на соработката во рамките на стручните активи преку споделување добри практики, искуства и примери од наставата, како и преку организирање нагледни и отворени часови.
- Унапредување на наставниот процес преку обезбедување и користење современи наставни средства, ресурси и дигитални алатки, со цел поефикасна примена на современи методи и пристапи во наставата.
- Унапредување на промоцијата и афирмацијата на активности за интеркултурно учество и соработка, со вклучување на ученици од различни култури и ученици кои следат настава на различен наставен јазик.
- Унапредување на пристапноста на училишниот простор за лицата со физичка попреченост, со обезбедување пристап и до вториот кат на училишната зграда.
- Зајакнување на соработката и координацијата меѓу наставниците и образовните асистенти, со цел обезбедување поквалитетна и навремена поддршка на учениците.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето континуирано ги следи постигањата, редовноста и напредокот на учениците и презема мерки за нивно унапредување. Следењето се реализира преку редовната, дополнителната и додатната настава, индивидуална поддршка, работата на стручната служба и Инклузивниот тим, како и преку изработка и реализација на индивидуални образовни планови/модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби.

Анализата на успехот по пол и националност покажува дека најголем број ученици постигнуваат одличен и многу добар успех, при што се следат и разликите во постигањата и потребите на различните групи ученици. Во однос на државното тестирање, учениците покажуваат релативно добри и изедначени резултати, а редовното присуство и читателските навики се издвојуваат како фактори поврзани со подобри постигања.

Училиштето има воспоставено механизми за идентификација и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби. Наставниците и стручната служба соработуваат со родителите и обезбедуваат насоки за подобрување на успехот и однесувањето на учениците.
Следењето на постигањата се врши хоризонтално и вертикално, а податоците се евидентираат во педагошката документација, дневниците, е-дневникот и главните книги. Училиштето има воспоставен систем за информирање на родителите за успехот, редовноста и напредокот на учениците преку е-дневник, родителски и индивидуални средби и други форми на комуникација.
Генерално, подрачјето се карактеризира со воспоставен систем на следење, анализа и поддршка на постигањата на учениците, со потреба од понатамошно унапредување на континуираното следење на воннаставните активности, како и на мерките за подобрување на постигањата кај учениците со послаби резултати.
Училиштето континуирано ја следи редовноста, постигањата и напредокот на учениците и навремено ги информира родителите. За учениците со зголемен број изостаноци се преземаат соодветни педагошки и советодавни мерки во соработка со родителите и стручната служба.
Наставниците применуваат различни методи и стратегии за подобрување на постигањата и обезбедуваат дополнителна поддршка, додека надарените ученици се поттикнуваат преку додатна настава, натпревари и воннаставни активности. Потребно е понатамошно зајакнување на дополнителната и додатната настава, особено во предметната настава, како и анализа на нивниот придонес врз постигањата на учениците.

Силни страни

• Наставниците континуирано ги препознаваат надарените ученици и им обезбедуваат соодветна поддршка за развој на нивните способности и потенцијали.
• Учениците кои се соочуваат со потешкотии во учењето редовно се идентификуваат и добиваат поддршка преку заедничка работа на наставниците, стручните соработници и образовните асистенти.
• Сите наставници кои работат со ученици со попреченост се запознаени со постапките за изработка на ИОП и ПОП и редовно подготвуваат полугодишни и годишни извештаи за нивниот напредок
• Училиштето располага со стручен кадар, односно специјален едукатор и рехабилитатор кој обезбедува соодветна поддршка на учениците со посебни образовни потреби и придонесуваат за нивниот успешен образовен и личен развој.
• Значителен број родители активно го користат е-дневникот, со што имаат навремен и континуиран увид во успехот и напредокот на своите деца.
• Одделенските раководители систематски ја следат редовноста на учениците, ги анализираат причините за отсуствата и преземаат соодветни мерки за нивно надминување.
• Воспоставена е квалитетна соработка помеѓу училиштето и родителите преку редовни и вонредни родителски средби, индивидуални разговори и континуирано информирање за состојбата со редовноста и постигањата на учениците.

• Училиштето ги афирмира и вреднува успесите на учениците преку јавно промовирање и наградување на оние кои постигнуваат значајни резултати на натпревари, манифестации и други воспитно-образовни активности.
Слаби страни • Потребно е дополнително обезбедување и осовременување на материјали и нагледни средства за поефикасна работа со ученици со попреченост и со надарени ученици. • Иако училиштето редовно ги прибира и анализира податоците за постигањата на учениците, потребно е нивно поголемо искористување при планирањето мерки и активности за унапредување на наставниот процес и ученичките постигања. • Потребно е поинтензивно организирање и реализација на дополнителна настава согласно потребите и интересите на учениците.
Приоритети • Унапредување на системот за следење и анализа на постигањата на учениците при преминот од еден во друг квалификациски период, со цел навремено планирање и реализација на соодветни мерки за поддршка. • Континуирано следење и евалуација на ефектите од советувањето на родителите/старателите, со цел унапредување на соработката и обезбедување соодветна поддршка за учениците. • Унапредување на организацијата и реализацијата на дополнителната и додатната настава согласно потребите, можностите и постигањата на учениците.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето Училиштето континуирано реализираше активности насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, создавање безбедна, позитивна и поттикнувачка училишна средина и поддршка на целокупниот развој на учениците. Посебно внимание беше посветено на развивањето на позитивна училишна клима, меѓусебното почитување, соработката, толеранцијата и одговорноста на сите учесници во воспитно-образовниот процес. Во таа насока се применуваат интерни акти и процедури за регулирање на однесувањето, дисциплината, изостаноците, педагошките мерки и заштитата на учениците. Училиштето има воспоставено и механизми за превенција и постапување во случаи на насилство и заштита на детските права. Континуирано се реализираат активности за ученичко учество и активирање на ученичкиот потенцијал преку Ученичкиот парламент, ученички иницијативи, работилници, проекти, хуманитарни, еколошки, спортски и културни активности. Реализираните активности придонесуваат за развивање на иницијативноста, одговорноста, комуникациските вештини и учеството на учениците во донесувањето одлуки и подобрувањето на училишната средина.

Во областа на инклузијата се обезбедува поддршка за учениците со посебни образовни потреби и за учениците кои имаат потешкотии во учењето, преку индивидуален пристап, работа со стручната служба и активности за социо-емоционална поддршка. Во годишната програма се предвидени активности за работа со ученици со емоционални проблеми и специфични тешкотии во учењето.
Училиштето континуирано работи на соработката со родителите преку родителски средби, индивидуални консултации, електронска комуникација и информирање за напредокот и потребите на учениците. Истовремено, се создаваат можности родителите да бидат вклучени во активности од значење за училишниот живот.

Во насока на афирмација на учениците и училиштето воспоставен е систем за промовирање на ученичките постигања преку пофалби, награди, избор на ученик на генерацијата, учество на натпревари, конкурси, јавни настапи, проекти и други активности. Училиштето ги промовира постигањата и преку своите дигитални канали и социјалните мрежи.
Од спроведените анкети и интервјуа со ученици, родители и наставници произлегува дека во училиштето во најголем дел се препознава позитивна и безбедна средина, добра соработка и почитување на учениците. Сепак, резултатите укажуваат и на области во кои е потребно континуирано унапредување, особено во поголемото информирање и вклучување на родителите, доследното следење на одредени аспекти од училишниот живот и понатамошното јакнење на механизмите за превенција и справување со појави на насилство и конфликти.
Генерално, реализираните активности покажуваат дека училиштето има воспоставени механизми и практики за поддршка на учениците, развивање позитивна училишна клима, заштита на правата на децата, инклузивност и активно учество на учениците. Во наредниот период потребно е постојните практики да се надградуваат преку систематско следење на нивните ефекти, поголема информираност и вклученост на сите засегнати страни и насочување на активностите кон конкретно утврдени потреби.

Силни страни

- Училиштето има web страница, facebook профил, instagram профил кои континуирано се ажурираат и промовираат активности и постигања на училиштето.
- Училиштето има Кодекс за однесување на сите структури кој редовно се ревидира и дополнува од сите засегнати страни.
- Нашето училиште има „Фондацијата Љупчо и Тошо Арсови“ кој распишува конкурси на општинско ниво и финансира награди за учениците и нивните ментори со што се постигнува стимулативна средина.
- Ученичкиот правобранител ги промовира правата на децата и има двајца заменици.
- Ученичкиот парламент се вклучува во проекти за да ја подобри својата работа и предлага ученички иницијативи
- Средината за учење ги мотивира учениците и поголем број истакнуваат дека сакаат да одат на училиште, а родителите во поголем број го потврдуваат истото.
- Реализација на хуманитарни акции според потребите на ученици/родители од социјално загрозени семејства
- Еднакви можности за учество во различните активности на часовите за сите ученици (на пр. поставување прашања, презентирање,

одговарање).

- Училиштето има воспоставена процедура според која согласно потребите на учениците училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.
- Училиштето има Политика за заштита на децата, со јасно утврдена процедура за постапување во случај на било која форма на насилство.
- Во училиштето редовно се води кампања за здрава храна од Еко-програмата.
- Училиштето континуирано се грижи за учениците со емоционални потешкотии, здравствени проблеми и социјално загрозени семејства.

Слаби страни

- Кодексот за однесување на сите структури се презентира на засегнатите страни, сепак се чувствува потреба почесто презентирање и почитување на кодескот на однесување на родителите и учениците.
- Политиката за заштита на деца е достапна за сите наставници, а за учениците и родителите треба да биде почесто презентирана.
- Иако училиштето работи на заемно почитување меѓу учениците, навременото пријавување на меѓусебни навреди, првокации не е Целосно препознаено од сите ученици и се појавува потреба од поголема кампања за охрабрување на ученците навремено да пријавуваат меѓусебни навреди, провокации (преку истакнување делови од Политиката за заштита на децата 2024)
- Учениците членови на Ученичкиот парламент се поканууваат да присуствуваат на состаноци на Училишен одбор и на работата на другите стручни тела во училиштето, но учениците не присуствуваат на истите.
- Потреба од поголема активност и мотивираност на Ученичкиот парламент во предлагање иницијативи и учество во работата на училиштето.
- Недоволно систематско следење и евидентирање на предлозите, забелешките и иницијативите дадени од учениците и родителите.
- Недоволно развиени активности за јакнење на свеста кај учениците и родителите за безбедно и одговорно однесување на интернет и за препознавање на сајбер-насилството.
- Потреба од почести превентивни активности и работилници за спречување на врсничко насилство, конфликти, навреди и провокации од стручни лица и институции.
- Недоволно развиени активности за психосоцијална поддршка и јакнење на социјалните и емоционалните вештини кај учениците.
- Правата и обврските на децата се презентираат на таргет групи родители, но се наметнува тенденција тие таргет групи да се прошират и активностите/презентациите за правата на децата да се прошират на ниво на училиште (на родителски средби)
- Училиштето нема Програма за превенција од заразни болести.
- Поголема хигиена во училиштето.
- Едукација за здрави животни навики, правилна исхрана и превенција од заразни заболувања во предметна настава.

- Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана на пушење, но нема поставени знаци за забрана за внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции.
- Иако училиштето има добра соработка со родителите, недостига пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.
- Училиштето користи промотивни материјали/постери од образовните институции за можностите за уписи во средните училишта и професионална ориентација на учениците, но помалку спроведува сопствени активности за професинална ориентација на учениците.
- Потреба од одговорно лице за прием на странки, времетраење на час и времетраење на одмори.

Приоритети

- Зајакнување на безбедноста и превенцијата од неприфатливо однесување, преку активности за спречување на врсничко насилство, дискриминација, употреба на алкохол и наркотични супстанции, како и воспоставување јасен механизам за пријавување и постапување.
- Унапредување на информираноста и превентивното делување за безбедност и заштита на учениците, преку работилници, едукативни активности, тематски денови, информативни табли, постери и други соодветни материјали.
- Зајакнување на ученичкото учество во училишниот живот, преку редовно консултирање на Ученичкиот парламент, вклучување на ученичките предлози во планирањето и следење на нивната реализација со повратна информација до учениците.
- Зголемување на учеството на родителите и следење на нивното задоволство од училишната средина, преку анкети, предлози, фокус-групи и редовно информирање за преземените активности.
- Подобрување на условите и квалитетот на училишната средина, со посебен акцент на безбедноста, хигиената, исхраната, редовното следење на состојбата и навременото отстранување на недостатоците.
- Унапредување на кариерното информирање и професионалната ориентација на учениците, преку средби со претставници од различни професии и средни училишта.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и има легитимен мандат. Работи транспарентно, согласно Деловникот за работа и Програмата за работа, со редовно одржување седници, обезбедено кворумско работење и водење записници. Членовите активно учествуваат во разгледувањето и усвојувањето на програмските, финансиските и развојните документи на училиштето. УО остварува континуирана и партнерска соработка со директорот и другите училишни структури, а одлуките се носат транспарентно и во интерес на училиштето и учениците.

Раководниот орган има јасна визија за развој на училиштето и применува тимски и партиципативен пристап во планирањето, креирањето политики и обезбедувањето квалитет. Во процесите се вклучени наставниците, стручната служба, учениците, родителите, УО и локалната заедница. Развојното планирање се темели на резултатите од самоевалуацијата, анализите, потребите и поставените развојни приоритети. Реализацијата на развојната програма континуирано се следи преку акциски планови, индикатори и извештаи.

Училиштето активно соработува со локалната самоуправа, институции, компании и граѓански организации и е вклучено во регионални и меѓународни проекти и мрежи. Новините и измените во образованието се следат и се пренесуваат до вработените и другите чинители преку состаноци, обуки, дисеминации и електронска комуникација.

Ресурсите и просторните капацитети во најголем дел ги задоволуваат потребите за реализација на наставата и воннаставните активности. Училиштето располага со современа ИКТ опрема, спортска сала, уреден училишен двор, библиотека, медијатека и сензорна соба со асистивна технологија. Библиотечниот фонд е богат и достапен за учениците и наставниците, а библиотеката работи согласно утврден распоред и законската регулатива.

Воспитно-образовниот процес го реализира квалификуван наставен кадар, поддржан од стручната служба, образовен медијатор, специјален едукатор-рехабилитатор и образовни асистенти. Постои Тим за професионален и кариерен развој, а наставниците имаат лични професионални програми и професионални досиеја. Професионалниот развој се реализира преку обуки, семинари, вебинари, интерни работилници и размена на добри практики. Квалитетот на наставата се следи континуирано преку посети на часови, увид во документацијата и давање повратна информација.

Информирањето во училиштето се реализира преку различни канали и генерално е транспарентно. Сепак, резултатите од анкетите укажуваат на потреба од подобрување на информирањето за трошењето на буџетот и донесените одлуки, особено кај родителите и наставниците. Исто така, се забележува потреба од подобро планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал, бидејќи значителен дел од наставниците не се задоволни со постојната состојба.

Финансиското работење е планирано и транспарентно, со разгледување и усвојување на финансиските планови и извештаи од страна на УО. Училиштето располага со буџетска и сопствена сметка, а дополнителни средства обезбедува преку законски дозволени активности, донации и проекти. Јавните набавки се реализираат согласно утврдените процедури.

Училиштето има воспоставени функционални механизми за управување, планирање, следење и обезбедување квалитет, развиена соработка со различни чинители и соодветни просторни и материјални ресурси. Како области за понатамошно унапредување се издвојуваат поголемото учество на учениците во работата на УО, подобро информирање за финансиското работење и донесените одлуки, како и навремено обезбедување на потребниот потрошен материјал.

Силни страни

- Квалификуван и стручен наставен кадар – училиштето има обезбедено доволен број наставници, а дел од кадарот има и повисоки квалификации.
- Поддршка за учениците – работата е олеснета со специјален едукатор/рехабилитатор, 4 образовни асистенти, педагог и психолог и образовен медијатор. .

- Постои тим за професионален и кариерен развој и се изготвуваат програми за професионален развој
- Управувањето и раководењето со училиштето е според законските норми.
- „Училиштето располага со современи, функционални и соодветно опремени просторни и материјално-технички услови за реализација на квалитетен воспитно-образовен процес, со добро опремени кабинети, библиотека, медијатека, спортски капацитети, уреден училишен двор , при што континуирано се планира и унапредува набавката на потребните ресурси.“
- Континуиран професионален развој на наставниците преку обуки, семинари, вебинари, интерни работилници и размена на добри практики.
- Наставниците се мотивираат за стручно усовршување и активно се поттикнува нивното професионално напредување.
- Постои систем за следење и вреднување на професионалниот ангажман, постигнувањата и компетенциите на наставниците.
- Училиштето настојува навремено да ги идентификува потребите за кадар и соработува со надлежните институции
- Сензорна соба за учениците со посебни образовни потреби.
- Целото училиште е покриено со стабилна интернет врска.

Слаби страни

- При подолги отсуства на наставници постапката за обезбедување замена зависи од одобрение/мислење од основачот, што може да го отежне навременото обезбедување замена.
- Потреба од дополнителна и современа опрема и нееднакви просторни услови меѓу централното и подрачните училишта.
- Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.
- Училишниот одбор не го следи трошењето на буџетот квартално, туку еднаш во годината или по потреба при
- проширување на планот за јавни набавки.
- Најголем број на родители (38,7%) немаат информација/не знаат како се троши буџетот на училиштето
- Мал број од родителите се согласни дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.
- Поголем дел од наставниците (57,9%) се изјасниле дека училиштето не планира и навремено не обезбедува потрошен
- материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
- Мал дел од родителите и учениците се изјаснија дека не се информирани за активностите кои училиштето ги
- планира за следниот период.
- Недостиг на кадар за одредени наставни предмети.
- Фискултурната сала не ги задоволува стандардите во зимски услови.

Приоритети

- Професионален развој и усовршување на наставниот кадар;
- Обезбедување соодветен и квалификуван наставен кадар;
- Осовременување на материјално-техничката и ИКТ опременост на училиштето.

- Обезбедување доволен и соодветно квалификуван наставен и стручен кадар.
- Навремено планирање и обезбедување на потребните материјални ресурси.
- Поголема вклученост на родителите и продолжување на континуираниот професионален развој на наставниците.
- Потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за едукација на наставници и стимулација на ученици што учествувале на натпревари и проекти од натпреварувачки карактер
- Развивање стратегија за оддавање признанија на наставниците.
- Квартално следење на трошењето на буџетот од страна на УО.
- Запознавање на сите чинители во училиштето и родителите за тоа како се троши буџетот, преку информирање за достапноста на завршната сметка на веб страницата на училиштето.
- Поголема ажурност од страна на УО за навремено и транспарентно информирање на сите чинители во
- училиштето и родителите за донесените одлуки.
- Планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
- Адекватно и навремено информирање на родителите и учениците за идните активности на училиштето.
- Мотивирање на наставниците за вклучување во соработка на меѓународни проекти и училишни мрежи.
- Поставување систем за адекватно загревање на фискултурната сала

Предлог- мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Врз основа на добиените резултати од Самоевалуацијата на училиштето, силните и слабите страни и приоритетите, Училишната комисија за спроведување на Самоевалуацијата на училиштето за периодот 2024-2026 година ги предлага следните мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:

- Зајакнување на соработката во рамките на стручните активи преку споделување добри практики, искуства и примери од наставата, како и преку организирање нагледни и отворени часови.
- Унапредување на наставниот процес преку обезбедување и користење современи наставни средства, ресурси и дигитални алатки, со цел поефикасна примена на современи методи и пристапи во наставата.
- Унапредување на промоцијата и афирмацијата на активности за интеркултурно учество и соработка, со вклучување на ученици од различни култури и ученици кои следат настава на различен наставен јазик.
- Унапредување на пристапноста на училишниот простор за лицата со физичка попреченост, со обезбедување пристап и до вториот кат на училишната зграда.
- Зајакнување на соработката и координацијата меѓу наставниците и образовните асистенти, со цел обезбедување поквалитетна и навремена поддршка на учениците.
- Унапредување на системот за следење и анализа на постигањата на учениците при преминот од еден во друг квалификациски период, со цел навремено планирање и реализација на соодветни мерки за поддршка.
- Континуирано следење и евалуација на ефектите од советувањето на родителите/старателите, со цел унапредување на соработката и обезбедување соодветна поддршка за учениците.
- Унапредување на организацијата и реализацијата на дополнителната и додатната настава согласно потребите, можностите и постигањата на учениците.
- Зајакнување на безбедноста и превенцијата од неприфатливо однесување, преку активности за спречување на врсничко насилство, дискриминација, употреба на алкохол и наркотични супстанции, како и воспоставување јасен механизам за пријавување и постапување.
- Унапредување на информираноста и превентивното делување за безбедност и заштита на учениците, преку работилници, едукативни активности, тематски денови, информативни табли, постери и други соодветни материјали.

- Зајакнување на ученичкото учество во училишниот живот, преку редовно консултирање на Ученичкиот парламент, вклучување на ученичките предлози во планирањето и следење на нивната реализација со повратна информација до учениците.
- Зголемување на учеството на родителите и следење на нивното задоволство од училишната средина, преку анкети, предлози, фокус-групи и редовно информирање за преземените активности.
- Подобрување на условите и квалитетот на училишната средина, со посебен акцент на безбедноста, хигиената, исхраната, редовното следење на состојбата и навременото отстранување на недостатоците.
- Унапредување на кариерното информирање и професионалната ориентација на учениците, преку средби со претставници од различни професии и средни училишта.
- Професионален развој и усовршување на наставниот кадар;
- Обезбедување соодветен и квалификуван наставен кадар;
- Осовременување на материјално-техничката и ИКТ опременост на училиштето.
- Обезбедување доволен и соодветно квалификуван наставен и стручен кадар.
- Навремено планирање и обезбедување на потребните материјални ресурси.
- Поголема вклученост на родителите и продолжување на континуираниот професионален развој на наставниците.
- Потреба од финансиски планови за обезбедување на средства за едукација на наставници и стимулација на ученици што учествувале на натпревари и проекти од натпреварувачки карактер
- Развивање стратегија за оддавање признанија на наставниците.
- Квартално следење на трошењето на буџетот од страна на УО.
- Запознавање на сите чинители во училиштето и родителите за тоа како се троши буџетот, преку информирање за достапноста на завршната сметка на веб страницата на училиштето.
- Поголема ажурност од страна на УО за навремено и транспарентно информирање на сите чинители во
- училиштето и родителите за донесените одлуки.
- Планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
- Адекватно и навремено информирање на родителите и учениците за идните активности на училиштето.
- Мотивирање на наставниците за вклучување во соработка на меѓународни проекти и училишни мрежи.
- Поставување систем за адекватно загревање на фискултурната сала.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата:

Стручен соработник - педагог	Наташа Максимова	_____
Стручен соработник - Психолог	Стефанија Горгиев	_____
Одделенски наставник	Елена Камчева	_____
Предметен наставник	Јулијана Сулева	_____
Родител	Марија Крстев	_____